Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-891X

**Николовски**
Реорганизација на медиумите во корона-услови



**Јовановиќ**
Опозициско бесчестие



макс. дозволено 50 µg/m3
Струмица - Мара Минанова
80 µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 7 | 21 |
| Охрид | 5 | 17 |
| Битола | 6 | 19 |
| Маврово | 0 | 11 |

**ПОНЕДЕЛНИК 13 април 2020** | Број 1933 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

**Никола Пановски**
Ако велешанката починала од ковид-19 уште во јануари, тогаш тоа ја менува целата историја за оваа епидемија!



страница 3

**Црн рекорд**
Повеќе од 20.000 мртви во САД од ковид-19

страница 17



Фотографија **ЕПА / FERNANDO BIZERRA**

## Академиците пресметаа како ќе се шири заразата

# „Пикот“ веројатно ќе биде кон почетокот на мај, со околу 1.100 инфицирани

**Проценки** Проекцијата, направена според модел што се базира на теоријата на динамички системи, е многу пооптимистичка во споредба со првичните проценки дека во врвот на заразата кај нас бројката на регистрирани со ковид-19 ќе достигне од 2.000 до 2.500 лица.



**Кредити од сите страни**
Стигнаа 176, на пат се уште 300 милиони евра

страница 5

**Цело СЈО на тапет на Антикорупциска**
Катица и компанија си делеле додатоци над законскиот лимит

страница 4



Фотографија **ЕПА / Andrew Medichini**

## Велигден во карантин - папата Франциск од празна базилика повика на храброст и на послушност

Папата Франциск ја одржа велигденската миса во речиси празната базилика, во која строго се почитуваа правилата за социјално дистанцирање, пропишани од здравствените организации за спречување на ширењето на заразата на коронавирусот ковид-19. Тој на верниците им порача дека не треба да се плашат и дека треба да ја повратат храброста во борбата со пандемијата.

# Хроника

**Велигден, еден од најсветлите празници, годинава го славиме во изолација како подвиг на секој од нас пред искушенијата кои на светско ниво ги донесе пандемијата на коронавирусот ковид-19. Од нас годинава се очекува да понесеме саможртва за доброто на сите и овие денови да ги славиме во изолација за да се заштитиме себеси и ближните.**

**Оливер Спасовски**, во честитката до верниците од католичката вероисповед

**МАНУ** Академиците пресметаа како ќе се шири заразата

# „Пикот“ веројатно ќе биде кон почеток на мај, со околу 1.100 инфицирани

**Проценки** Проекцијата, направена според модел што се базира на теоријата на динамички системи, е многу пооптимистичка во споредба со првичните проценки дека во врвот на заразата кај нас бројката на регистрирани со ковид-19 ќе достигне од 2.000 до 2.500 лица.




Прелиминарните резултати на овој и другите модели, несомнено, укажуваат дека сме на добар пат во сузбивањето и намалувањето на епидемијата во нашата држава“, напиша во својата колумна за Факултети.мк претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, проф. д-р Љупчо Коцарев.

Според т.н. СИР математички модел, во МАНУ пресметале дека максималниот број на инфицирани од ковид-19 се очекува да се случи кон почеток на мај и тој број е околу 1.100 инфицирани.

### Прелиминарни резултати

„Би сакал да потенцирам дека ова се прелиминарни резултати и се однесуваат само на еден модел“, пишува д-р Коцарев во својата колумна.

Проекцијата, направена според модел што се базира на теоријата на динамички системи, е многу пооптимистичка во споредба со првичните проценки дека во врвот на заразата кај нас бројката на регистрирани со ковид-19 ќе достигне од 2.000 до 2.500 лица. Според д-р Коцарев, моделот речиси во точна бројка ја предвиде состојбата за 9 април.

„Во моделот се внесени податоци до 8 април 2020 година и за 9 април моделот предвидуваше вкупно 669 заразени, додека според реалните податоци, тој број изнесуваше 663“, напиша д-р Коцарев.

Во МАНУ повеќе од 10 години се изучуваат различни епидемиолошки модели. Во изминатиот месец, заедно со м-р Петар Јовановски, се работеше, меѓу другите модели, и на моделите предложени од „Империјал колеџот“ во Лондон и од Универзитетот „Оксфорд“.

„Во првата класа на модели, именувани како Bayesian хиерархиски модели, се користат методи од статистика и машинско учење, додека втората група на модели, познати под името обопштени СИР (Susceptible-Infected-Recovered) модели, се базираат на теоријата на динамички системи“, објаснува д-р Коцарев.

### Две стратегии

Анализирани се две стратегии што се актуелни во борбата со пандемијата – сузбивање, при што основната цел е репродукцискиот број да се намали под 1, а тоа се постигнува со воведување и одржување различни нефармацевтски интервенции (и користење лекови, доколку има) – барем наизменично – онолку долго колку што вирусот циркулира во човечката популација или додека не се пронајде вакцина, и втората – ублажување, за која повторно се користат различни нефармацевтски интервенции (и вакцини и/или лекови, доколку се достапни), но нејзината цел не е целосно да се прекине пренесувањето, туку да се намали влијанието на епидемијата врз здравјето, при што се намалува репродукцискиот број, но не под 1.

„Во светот ваква стратегија беше имплементирана при епидемиите на грип во 1957, 1968 и 2009 година. Во ова сценарио имунитетот на населението се развива преку епидемијата, што доведува до евентуално намалување на епидемијата“, пишува д-р Коцарев.

Според академик Коцарев, во моделирање на која било физичка, биолошка и/или социјална појава, секогаш треба да се имаат предвид неколку факти.

„Моделите не даваат одговор на прашањето: какви ќе бидат анализираните појави во иднина, тие секогаш опишуваат низа можности (сценарија) и тие можности се многу чувствителни на почетните услови, параметрите на моделот и, во случај на епидемиолошки модели, на нашите постапки, мерки и преземените нефармацевтски интервенции.“



### Љупчо Коцарев е најцитираниот македонски научник

• Според официјалниот сајт на ФИНКИ, професорот Коцарев е најцитираниот македонски научник, со речиси 16.000 цитати измерени од Гугл сколар.

Научниот интерес на академик Љупчо Коцарев е широк, опфаќајќи повеќе подрачја од физиката, техничките науки, и компјутерските науки: нелинеарна физика, комплексни системи и мрежи, електрични кола и системи, теорија на информации и криптографија, машинско учење, обработка на податоци и наука за податоци. Тој е уредник на 6 книги и автор на 6 патенти (одобрени во САД и/или Европа). Академик Коцарев бил раководител на повеќе научноистражувачки проекти финансирани од ЕУ, САД, Германија, НАТО и Универзитетот на Калифорнија во Сан Диего.

**Чулев за РСЕ.**

## Владата ме исклучува од одлучувањето за мерките против ковид-19

• Морам да кажам дека не секогаш наидувам на разбирање и моите предлози до Владата, па и кај уредбите што ги предлагам, не наидувам на слух од страна на претседателот на Владата Оливер Спасовски и другите министри, така што често ми се одбиваат предлози, а искрено не сум консултиран за одредени нивни предлози, уредби, за коишто тие вршат меѓусебни консултации – вели во неделното интервју за Радио Слободна Европа, техничкиот министер за внатрешни работи Наќе Чулев, во кое тој зборува за предизвиците на МВР во време на ковид-19, за владините мерки и односот со функционерите од власта.

Тој појаснува дека ова не се однесува на МВР, туку на функционирање на Владата во целост како законодавно тело во време на вонредна состојба.

- Не во доменот на МВР, не, меѓутоа во она што значи како влада, затоа што сега Владата во моментот има и законодавна улога, но и извршна улога и мислам дека сите тие треба да бидат меѓусебно дискутирани и споделувани. Не сум вклучен во тие дискусии, дури ни во одредени активности на Владата, јас пак ќе кажам во тие групи на социјални мрежи што ги имаат, а јас не сум вклучен, досега ниту еднаш не сум викнат на прес-конференција што е организирана од Владата - посочи Чулев.

**Најава од Филипче.**

## Можност за лекување со плазма од оздравени пациенти

• Протоколот за лекување со крвна плазма од ковалесценти е направен, а оваа недела за ова е дискутирано во стручните комисии и на Медицинскиот факултет, но сепак тоа е тип на терапија која не може секому да помогне, особено имајќи ја предвид непредвидливоста на болеста во потешките случаи, соопшти министерот за здравство Венко Филипче.

- Крвна плазма заради антитела не може да даде кој било, треба да е во соодветна фаза, тие се пациенти што се ковалесценти, затоа што т.н. рековалесценти се целосно излекувани и тука нема ефект. Тоа не е тип на терапија која може да помогне секаде, тешката форма на болеста е навистина тешка и ги напаѓа сите системи - рече Филипче и посочи дека има индикација кога точно се дава оваа терапија.

**Загадочно** СЗО ќе биде известена за чудниот случај во Македонија

# Ако велешанката починала од ковид-19 уште во јануари, тогаш тоа ја менува целата историја за оваа епидемија!



**Шанси** Микробиологот професор Никола Пановски вели дека жив вирус во телото не може да остане и да предизвика болест. Меѓутоа, во кадаверот може да има останато РНК, односно дел од вирусот и тоа со денови и години.

**Мирослава Бурнс**

В о трахејата на починатата 79-годишна жена од Велес, чие тело во распаѓање било предадено на обдукција, бил пронајден коронавирус. Дали тоа значи дека коронавирусот постоел во Македонија уште пред прогласувањето на епидемијата, со оглед на тоа што починатите беа пронајдени подолго време по настапувањето на смртта, беше прашањето што му беше упатено на министерот за здравство Венко Филипче на прес-конференција.

Кога точно настапила смртта, ќе се знае откако ќе бидат готови резултатите од обдукцискиот наод во текот на оваа недела. Засега е сигурно само дека жената била почината подолго од една недела, тврдат од Министерството за здравство.

Во Институтот за јавно здравје уште еднаш се анализирал материјалот земен од трахејата за да се потврди позитивниот резултат на коронавирусот. Во истрагата за овој случај се вклучуваат експерти од судска медицина, МАНУ и тимот епидемиолози од Институтот за јавно здравје.

За случајот ќе биде известена и Светската здравствена организација, која доколку има потреба, ќе се вклучи со поддршка.

Соседите на починатата жена и нејзиниот син, двајцата социјални случаи и со заболувања, изјавија дека не ги виделе ниту ги сретнале своите соседи од декември.

Микробиологот, професорот Никола Пановски, за „Слободен печат“ вели дека жив вирус во телото не може да остане и да предизвика болест. Меѓутоа, во кадаверот може да има останато РНК, односно дел од вирусот и тоа со денови и години.

Меѓутоа, професорот додава и дека, како што постојат лажно негативни резултати, така постојат и лажно позитивни резултати за коронавирусот и дека во случајот тој се сомнева токму на такво сценарио.

- Ако е точно дека жената починала на 6 јануари, тогаш е прашање дали сме ние први или Кина е прва. Па, да е тоа вистина, дека ние имаме во јануари прв смртен случај во Европа, досега ќе долетаа од сите земји со специјални авиони. Кривично дело е на пример, некому да му е утврдена СИДА со само еден тест. Потребни се барем уште неколку тестови за тоа да се потврди стопроцентно. Така требало и во овој случај, да потврдат прво, со сигурност. Ако е така, ако сме имале прв смртен случај од коронавирус уште во јануари, тогаш каде се починатите од тогаш до денеска?

Статистички, за таа жена да почине од коронавирус, требало да има барем стотина луѓе болни уште во јануари. Ако е ова точно, ќе ја смени историјата на светот и ќе значи дека Македонија имала три месеци смртни случаи, па потоа почнала Кина, Италија. Па зарем е тоа можно? Најверојатно станува збор за лажно позитивен резултат. Да пресметаме статистички, од тие 37.000 регистрирани како грип, само 2.000 да биле од ковид-19, би требало да има 100 починати до моментот на почнувањето на епидемијата кај нас. Јас во тоа не верувам - ни рече професор Пановски.

- Ако е точно дека жената починала на 6 јануари, тогаш е прашање дали сме ние први или Кина е прва. Па да е тоа вистина, дека ние имаме во јануари прв смртен случај во Европа, досега ќе долетаа од сите земји со специјални авиони. Кривично дело е на пример, некому да му е утврдена СИДА со само еден тест. Потребни се барем уште неколку тестови за тоа да се потврди стопроцентно. Така требало и во овој случај, да потврдат прво, со сигурност. Ако е така, ако сме имале прв смртен случај од коронавирус уште во јануари, тогаш каде се починатите од тогаш до денеска? Статистички, за таа жена да почине од коронавирус, требало да има барем стотина луѓе болни уште во јануари. Ако е ова точно, ќе ја смени историјата на светот и ќе значи дека Македонија имала три месеци смртни случаи, па после почнала Кина, Италија. Па зарем е тоа можно?, ни рече професор Пановски.




**Визири** Суровините откупени

## Профитерите им ги врзаа рацете на волонтерите

Тешкотии имаме околу набавка на материјали за изработка, кои се, за Жал, во дефицит поради одредени нечесни компании и индивидуалци што решија дека е одлична идеја да заработат ситен профит на маката на народот, па имаат откупено огромни залихи на материјали, притоа не оставајќи за нашата хуманитарна акција ни приближно доволно, па сме принудени да увезуваме од странство - вели Алдин Капетановиќ од „3Д принт“, која предводи волонтерска иницијатива за снабдување на медицинскиот персонал со заштитни визири.

- Битно ни е да се знае дека 100-те денари што тие ги заработиле, може некого да го чинат живот. За хуманоста на поединци нема да дискутираме бидејќи тоа е личен избор, но не е лошо да стапат во контакт со својата совест одвреме-навреме - вели Алдин Капетановиќ.



Околу 20 волонтери работат на дистрибуирање визири за медицинските лица, 80 3Д-принтери и околу 20 ЦНЦ-ласери е капацитетот на 3Д-принтери, кои за неполни две недели успеаја да обезбедат заштитна опрема за голем број приватни и јавни здравствени установи. Досега со помош на хуманите граѓани се обезбедени 6.500 заштитни маски со визири. Процесот за снабдување на приватните здравствени установи сè уште е во тек, но поради интензивниот труд на активистите од „3Д принт“ медицинска опрема, само на 7 април биле опслужени 100 установи во еден ден, паралелно со доставата на визири на: Градска општа болница „8 Септември“, УГАК, Здравствен дом - Скопје, Психијатриска болница - Скопје, Здравствен дом - Железара. (Е.Д.С.)

**Цело СЈО на тапет на Антикорупциска.**

# Катица и компанија си делеле додатоци над законскиот лимит

**ДКСК одлучи да преземе конкретни дејства во насока на прибирање релевантни информации за начинот на кој се користи доделената странска и домашна помош, поврзани со епидемијата на коронавирусот.**



↑ **Обвинителите што ќе се converted бореа со корупцијата го игнорирале Законот за спречување корупција и судир на интереси**

Државната комисија за спречување на корупцијата прибавила податоци од Министерството за финансии, од кои констатирала дека поранешните обвинители од СЈО континуирано примале дополнителни приходи (надоместоци), кои го надминале износот од 20 просечни плати, и за тоа не пријавувале промена на имотната состојба, со што постапиле спротивно со член 85 од Законот за спречување корупција и судир на интереси, соопшти Комисијата.

ДКСК реши да поведе прекршочна постапка за Катица Јанева, Фатиме Фетаи, Елизабета Јосифоска, Лиле Стефанова, Бурим Рустеми, Гаврил Бубевски, Стевчо Донев, Трајче Пеливанов, Артан Ајро и Љубомир Лапе.

Антикорупциската комисија информира дека продолжува по нејзиното постапување по предмет оформен по пријава со наводни за сомневање за незаконски постапувања на поглаварот на Исламската верска заедница.

Државната комисија за спречување корупција отвори предмет по сопствена иницијатива во врска со наводи за сомневање на незаконско постапување на надворешниот соработник на Владата за прашања од областа на спортот Даниел Димевски, кој во својство на управител на правното лице „Турд олимпик“ ДОО Скопје, стекнал својство на закупец на СРЦ „ Кале“, со што во улога на надворешен соработник остварил приватни интереси, со што го оштетил Буџетот на РСМ.

Врз база на добиени сознанија од медиумите за значителен прилив на странска и домашна помош (донации) за времетраењето на вонредната состојба како што и претходно беше информирано, ДКСК одлучи да преземе конкретни дејства во насока на прибирање релевантни информации за начинот на кој се користи доделената странска и домашна помош. Исто така, Државната комисија за спречување корупција оформи предмет по сопствена иницијатива за испитување нерегистрирани средства за дезинфекција што се нашле во употреба.

**Агенција за пошти.**

## Внимавајте додека пазарувате онлајн!

**Не секој поединец или фирма, што се претставуваат дека се онлајн продавници, се веродостојни продавници, посочува АП.**

Настанатата ситуација со кризата со коронавирусот придонесува со забрзан чекор да се поттикне електронската трговија и во нашата држава, па во таа насока и да се зголеми бројот на онлајн нарачките и тоа со достава до врата. Доколку се најдете во улога на купувач преку телефони, компјутер, таблети... пред да почнете со процесот на е-купување, Агенцијата за пошти (АП) препорачува задолжително да се направи проверка на онлајн продавницата од која сакате да пазарите.

Ова, како што истакнува АП, е неопходно да се направи бидејќи на електронскиот пазар постојат и лажни електронски продавници.

Како што укажува Агенцијата за пошти, не секој поединец или фирма што се претставуваат дека се онлајн продавници се веродостојни продавници. Ова, посочува регулаторното тело во поштенскиот сообраќај, можеме да го забележиме најчесто на социјалните мрежи. Знаеме дека секој поединец може брзо и едноставно да креира лажен профил на некои од социјалните мрежи (Фејсбук, Инстаграм итн.) и да нуди продажба на производи и со помош на курирска достава да ги доставува до вратата на купувачот. Според сознанијата на Агенцијата за пошти, на ваквите е-продавници




најчесто се нудат текстил, обувки, електронски апарати, козметички и хигиенски производи, како и детски играчки.

АП советува и дека веб-продавниците што се рекламираат дека вршат продажба на различни производи и услуги, исто така, треба да се проверат дали навистина постојат како официјално регистрирани трговци (во Централниот регистар на Република Северна Македонија или Управата за јавни приходи). За да се поедностави процесот, доволно е да се побараат информации за компанијата што стои зад електронската продавница, односно адреса на компанијата и евентуална локација, контактни податоци – како телефонски број, активна е-адреса и сл.

**Полициски час.**

## Приведени 121 лице поради непочитување на забраната за движење

Во текот на изминатото деноноќие на ниво на целата држава 138 лица не ја почитувале забраната за движење, при што се приведени 121 лице, а за останатите се земени податоци и ќе следуваат соодветни мерки, соопшти вчера Министерството за внатрешни работи. Исто така, се наведува во соопштението, според статистичките податоци, на 77 лица им се издадени решенија за изолација, а 335 лица потпишале изјави за самоизолација.-

– Од страна на полициски службеници извршени се контроли кај лица во изолација и самоизолација и не се евидентирани лица кои не ја почитувале мерката, се додава во соопштението на МВР.



**Курсна листа** 12.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 69.100 | 71.450 |
| USD | 1 | 54.904 | 57.650 | CAD | 1 | 39.381 | 41.350 |
| CHF | 1 | 56.904 | 59.750 | AUD | 1 | 34.857 | 36.600 |



**Синдикат на угостители.**

## Ако газдите отпуштат 15.000 работници, ќе им ги однесеме пред врата

• Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ) – членка на ССМ, остро реагира дека како единствен репрезентативен синдикат што ги претставува работниците во угостителството и туризмот, не е вклучен во разговорите што ги води Министерството за финансии и Министерството за економија со претставниците на Групацијата за угостителство.

- Средби помеѓу претставници на Владата и претставници на работодавачите, без учество на претставници на работниците – синдикатите, можат само да резултираат на штета на работниците – вели претседателот на СУТКОЗ, Дарко Димовски.

Како претставници на работниците, тие укажуваат дека доколку работодавачите и понатаму го гледаат само нивниот личен интерес и ако остават без плата и отпуштат како што најавија 15.000 работници, тогаш Синдикатот ќе ги однесе пред вратите на домовите на таканаречените газди и Министерството за финансии.

СУТКОЗ апелира работодавачите да ги искористат понудените мерки и да не отпуштаат работници.

– Работодавачите најмалку што можат во овие моменти е да ја искористат мерката за исплатата на платите на работниците кај работодавачот барател на финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, а како синдикат предлагаме, со посебна Уредба да се предвиди одложување на плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, со тоа што во рок од 6 месеци по надминувањето на тешкотиите, односно вонредната состојба, тие да бидат уплатени во соодветните фондови, предлог што веќе беше доставен до Владата преку Сојузот на синдикатите на Македонија уште на самиот почеток на кризата – објаснуваат од СУТКОЗ.

**Кредити и помош од сите страни**

# Дојдоа 176,5 милиони евра, на пат се уште најмалку 250 милиони

Од ММФ добивме двојно поголем износ од очекуваниот.

**Весна Дамчевска**

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) ѝ одобри на Македонија 176,5 милиони евра и тие ќе бидат на сметка за некој ден.

Од Министерството за финансии велат дека парите се добиени под исклучително поволни услови – еднократен трошок при повлекување на средствата од 0,5 отсто и каматна стапка што во моментот изнесува 1,05 проценти. Рокот на отплата е 5 години, а првата отплата ќе започне по три години и три месеци.

На вчерашната прес-конференција министерката за финансии Нина Анголовска рече дека од ММФ сме добиле двојно поголем износ од очекуваниот и дека се добри најавите и од Светска банка и од Европската Унија.

– Од Светска банка очекуваме од 100 до 140 милиони евра. Со Светска банка разговаравме половина од парите што се наменети за финансиска помош од 14.500 денари, тие да ја покријат, како и да помогнат за буџетска поддршка. Од новиот инструмент на ЕУ за макрофинансиска стабилност очекуваме меѓу 100-150 милиони евра. Значи, покрај парите од ММФ, очекуваме да добиеме уште 250 до 300 милиони евра од Светска банка и од ЕУ. Дополнително, во процес сме за емитување еврообврзница, но за колкав износ е рано да се каже – рече министерката Анголовска.




**4** **отсто пад на бруто-домашен производ за цела година во Македонија, односно рецесија, прогнозира ММФ.**

Во однос на проекциите на ММФ за пад на нашата економија од 4 проценти како прогноза за 2020 година, Анголовска најави дека наскоро и Министерството за финансии ќе излезе со проценка, но дека очекуваа и таа да се движи во рамките на досегашните проекции од разни институции, а кои се меѓу 3,5 отсто и 4 отсто во негатива.

– Добро е што падот не е предизвикан од нарушувања во системот, туку е од здравствени причини и затоа се очекува заздравувањето да биде побрзо – рече Анголовска.

Таа вчера информираше дека детално и редовно ќе ги образложува мерките, затоа што имало многу забуни.

За помошта од 14.500 денари, министерката за финансии рече дека се однесува за работници од сите компании, вклучувајќи ги и нивните газди и дека оваа помош може да се комбинира со субвенциите за зголемување на платите.

**Владата се пишмани.**

## Странски акционери може да земат дивиденда во вонредна состојба

**Се донесоа дури три уредби за примена на Закон за трговски друштва во вонредни услови, за да на крај, ништо од одлученото не важи**

Странските акционери ќе може да си земаат дивиденда и додека трае вонредната состојба, аодлучила Владата и тоа го преточила во уредба со законска сила, со која престанува да важи уредбата што ја донела претходно, а со која во вонредни услови им го одзема ова право на странските акционерите и на странските содружници.

„Во Службен весник на РСМ бр. 90 од 4.4.2020 година објавена е Уредба со законска сила со која престанува да важи Уредбата за примена на Законот за трговски друштва во време на вонредна состојба („Службен весник на Р.С. Македонија" бр. 79/20 и 87/20). Со наведеното од 4 април 2020 година од кога влегува во сила Уредбата се овозможува исплата на дивиденда на странски содружници, односно на странски акционери кај сите трговски друштва за време на вонредна состојба" , пишува на официјалната страница на компанијата за сметководствени и даночни совети „МСФИ консалтинг".

Странските и домашните компании негодуваа во врска со одземеното право за исплата на дивиденда во вонредна состојба, а Владата постојано ги менуваше своите одлуки.



Првично, на 26 март со Уредба со законска сила за примена на Закон за трговски друштва во вонредни услови, на фирмите и се забрани свикување и одржување годишно собрание на акционери содружници, со што се оневозможи процедурата за носење одлуки за исплата на дивиденда. Потоа, на 2 април се донесе Уредба за измена на Уредбата за примена на Закон за трговски друштва во вонредни услови со што забраната за делење дивиденда се сведе само на странски содружници и акционери. Само два дена подоцна, се што беше донесено како уредба за работењето на трговските друштва во време на вонредна состојба, престана да важи. А, со тоа престана да важи и една одредба според која трговските друштва во државна сопственост, требаше да ја уплатуваат добивката од 2019 година во државниот буџет. **(В.Д.)**

**Со одлука и со уредба.**

## Минималната плата зголемена на 14.934 денари, па вратена на 14.500

Минималната нето-плата и во април, мај и јуни ќе биде по старо, односно 14.500 денари. Ова е согласно со Уредбата со законска сила за примена на Законот за минимална плата во вонредни услови, а која е објавена во „Службен весник" на 3 април.

На 24 март, пак, во „Службен весник" се објави Одлука за минималната плата, во која е наведено дека бруто-износот на минималната плата е 21.776 денари. Според пресметките, ова значи дека минималната плата треба да биде 14.934 денари.

Според Законот за минимална плата, корекцијата на минималните плати треба да се прави еднаш годишно и зависи од порастот на просечната плата, од трошоците за живот и од порастот на бруто-домашниот производ.

„Исплатената висина на минималната плата во бруто-износ за претходната година се усогласува во март секоја година со: една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Македонија, една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и една третина од реалниот пораст на бруто-домашниот производ за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика", пишува во Законот за минимална плата.

## Анголовска: Има простор за раст на акцизата

• Се подготвува анализа за акцизата на нафтените деривати, најави министерката за финансии Нина Анголовска, откако во јавноста сè погласно се зборува за предлогот на Стопанската комора за зголемување на акцизата за 2 денари на бензинот и на дизелот.

– Среќа во несреќа е што цената на нафтата значително се намали и во малопродажбата горивата се поевтини за 20 денари. Правиме анализа да нема удар ниту врз џебот на граѓаните ниту за фирмите. Но, треба да се земе предвид дека се значително намалени приходите од акцизи во Буџетот, а тие се значајна ставка. Во услови на пад на цена од 20 денари и да има раст на акциза од 2 до 3 денари, пак цената ќе биде помала за 17-18 денари – рече Анголовска.

# Трибина

Кому се заканува Сулејман Реџепи? На државата? Или на верниците, себеси, на мајките, на децата? Плус, уцената на реисот за барање пари со закана со биотероризам доаѓа во пресрет на најголемиот муслимански празник Рамазан Бајрам. Чијашто суштина е давање, солидарност, хуманост, искупување, милосрдие, помагање на сиромашните... Станување подобар човек.
**Горан Михајловски**



## Слободен удар.

↓ Срѓан Ивановиќ

### Седи дома, стани херој и нареди се со ордени на пижамата

Седи дома и спасувај животи, ечи од сите страни во времето на заразата. Јас си седам и досега имам спасено илјадници животи. И не само што седам, туку и лежам по дома. Лежам пред телевизорот подолго од секој полициски час, па Нетфликсот двапати го свртев. Така залегнат констатирам колку сум бил наивен на времето кога мислев дека хероите гинат во некоја епска битка.

Како и секој маж на оваа планета и јас имам мечтаено во младоста како вооружен до заби бранам некоја позиција од објективно бројно посилен непријател. Како пукам од „калашот“ по еден куршум за да заштедам, а отспротива паѓаат непријателите како по тактот на „Турски марш“. Еден двајца, тројца... веќе се 13 мртви терористи, а шаржерот само половина испразнет. Но, битката трае, а и мечтаењето прогресира, па јас сум единствениот преживеан од четата, која веќе два дена е на последната линија на одбраната, на едно селце во кои има само жени и деца. Доколку јас настрадам, тогаш трагедијата ќе биде огромна. Затоа не смеам да попуштам. Ги бројам преостанатите куршуми и се тешам дека ќе биде доволно, иако знам дека ќе ми требаат трипати повеќе. Среќа имам доволно гранати. Во магацинот има и еден пушкомитралез. Го земам со една рака, а со другата го придржувам реденикот. Пукам без милост, зошто знам дека од другата страна никој нема да ми понуди милост. Јас пукам, а тие паѓаат како муви попрскани со „пипс“. Во еден момент „јарецот“ заколчува и јас реагирам со три едноподруго гранати, кои прават невиден „ремет“ кај непријателот. Тоа ќе ми даде малку време да здивнам. Се враќам во засолништето. Отпивам една голтка вода, а потоа и уште една. Водата е единствениот луксуз денеска, бидејќи храната беше изедена уште вчера. Каква врска има тоа, кога и онака нема да ми треба храна повеќе.

Соочен со ова карантинско херојство, во кое не треба да си Силвестер Сталоне во „Рамбо 3“ или Капетан Младен на „Козара“, туку само еден совесен граѓанин облечен во пижами, како дроби бисквити во чаша полна млеко и како врти по каналите на телевизорот, сфаќаш дека животите се бранат и со неактивност, излежување и требење на фрижидерот. Ја забришувам горната пижама накапана на неколку места, на која веќе би требало да има барем три ордена, и полн со самодоверба се залетувам во кујната, каде што жена ми на Јутјуб го прегледува рецептот за „лења пита“. И тогаш како Хемфри Богарт во „Казабланка“ ја превртувам за половината и со смел глас ѝ велам – внимавај како го печеш пилето во рерна, минатиот пат малку суво испадна месото.

> **Не треба да си Силвестер Сталоне во „Рамбо 3“, туку само еден совесен граѓанин облечен во пижами, како дроби бисквити во чаша полна млеко и како врти по каналите на телевизорот, сфаќаш дека животите се бранат и со неактивност, излежување и требење на фрижидерот**

## Избор колумни.

### Џисус Крајст Мицкоски



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Никој не може да го обвини Мицкоски за претерана скромност. Тој одамна се нуди да биде Спасител, бидејќи тешко му паѓа сегашната позиција на чувар на плажата во зимските периоди. Со недели шета наоколу и наеднаш, со исплазен јазик, го отвора „мантилот“ за да ги вџаши минувачите од глетката што ја нуди. И тука прикаската за Џисус Крајст Мицкоски би можела да заврши

Христијан Мицкоски постираше ваков статус до нацијата: „Чувствувам одговорност да споделам една кратка анализа и ќе оставам граѓаните да одговорат: дали Заев и СДСМ намерно ја втурнаа македонската економија и граѓани во апокалиптично сценарио водени од лични и партиски интереси или е нешто друго во прашање?“

На вака поставено реторичко прашање, граѓаните имаат две опции... Првата е очигледна: Заев и СДСМ се ѓубриња невидени кои скроиле „апокалиптичко сценарио“ за лични и партиски интереси. Но, се извинувам: по апокалипсата - официјално, тоа е последниот дел од Новиот завет во кој се зборува за крајот на светот - како може чиј било интерес да се оствари? За очекување е дека кога ќе дојде крајот на светот, ни чушки ни френки нема да виреат, барем за догледен период, па каков е тој интерес што ќе го авансираат „Заев и СДСМ“? Да не отвориле погребално претпријатие „Апокалипса“?

Сепак, Откровението на апостолот Јован, во кое се најавува Армагедонот (тоа е библискиот извор за „апокалиптичкото сценарио“ на Мицкоски) е, всушност, најава за „второто доаѓање на Исус Христос“ во кое тој го победува злото. Заклучокот сам се наметнува: по Апокалипсата спроведена од Заев и СДСМ, ќе пристигне Мицкоски (во „второ доаѓање“, по Груевски) со кое ќе го победи злото и ќе завладее со библиската земја Република Северна Македонија!

Никој не може да го обвини Мицкоски за претерана скромност. Тој одамна се нуди да биде Спасител, бидејќи тешко му паѓа сегашната позиција на чувар на плажата во зимските периоди. Со недели шета наоколу и наеднаш, со исплазен јазик, го отвора „мантилот“ за да ги вџаши минувачите од глетката што ја нуди. И тука прикаската за Џисус Крајст Мицкоски би можела да заврши, доколку не е вториот дел од неговата реторичка дилема: „или е нешто друго во прашање?“

Хмммммм... Што би можела да биде втората опција со тоа „нешто друго“, ако не е „нештото прво“, Апокалипсата? Да не е „нештото друго“ тешката состојба во која се наоѓа земјата? Да не е „нештото друго“ незапаметениот глобален предизвик да не се доживее здравствен, економски и општествен колапс - по тој редослед - на државните заедници какви што ги знаеме денес? Да не е „нештото друго“, во целата вака компликувана состојба, толерирањето на антиопштественото однесување на опозицијата која перманентно шири безочни лаги и се обидува да предизвика паника против „Заев и СДСМ“ кои, по редот на нештата, се најодговорни токму да не дојде до Апокалипсата што ја пророкува Мицкоски?

Во нормални околности, прагот на толеранција на секакви недолични однесувања на општествено-политичката сцена е многу повисок. На пример, во нормални околности, одамна се откажавме од пристојно однесување на поглаварот на ИВЗ. Во нормални околности, и за „оплакувањата“ на Владиката Тимотеј за финансискиот опстанок на православниот клер би имале повисока мерка на разбирање. Во нормални околности и на социјалните мрежи би одмавнале со рака и на најфантастичните конспиративни сценарија за заднината на светската пандемија и „гушењето“ на демократијата во Македонија.

Ова, за жал, одамна не се „нормални околности“. Постојат големи шанси околностите да станат уште поненормални, особено и поради однесувањето на различни општествени лидери во јавноста кои придонесуваат на здравствените препораки на власта да се гледа со сомнеж и потценување. А, во наредните десет дена Македонија е на крстопатот на кој ќе се види кој епидемиски правец ќе го фати: кон „Бергамо“ или кон излегување од овој епохален кошмар.

Би било добро во тој напор Мицкоски да не одмага, кога веќе не помага. Де, закопчај тоа мантилот и поседи дома.

## ТОП TWEET



**Ѕвездан Георгиевски**
Слушам јутјуб, некоја ствар снимена во живо. Пејачот се закашла (малку).
Уф, ама се испотресов.
Сега ќе го дезинфицирам екранот.



**Горан Теменугов**
Шо убаво, во продавница им мавташ на сите, оти не знаеш кој е кој од маските...



**Иљче Затаракоски**
„Во кола само по тројца.“
- нареди Владата.
И сега, кај да најдам уш двајца?

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 12.4.2020 | **Тираж: 8.100 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** МК4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ



СТАВ

# Реорганизација на медиумите во корона-услови

Новинарите, репортерите, снимателите, фоторепортерите и сите други во тимот се најизложени на вирусот затоа што се постојано во контакт со десетици и стотици луѓе за кои не се знае дали се или не се носители на коронавирусот. Ако еден од нив се инфицира, кој ќе ја фати трагата со кого и кога имале контакт.

**Љубиша Николовски**

Беше само прашање на време кога ќе се случи ова што се случи, лидерите на двете најголеми партии да бидат во изолација поради можност од инфицираност со коронавирус, кој можеби го стекнале при настапот во еден медиум.

Но, не е проблемот само во еден медиум или во новинарите, не се само тие што постојано се пред камерите, туку и оние што лесно прифаќаат да гостуваат. Можеби ова ќе ги опамети и политичарите, и министрите, и сите други, но и менаџерите на медиумите да се однесуваат соодветно со мерките на здравствените власти: социјална изолација и редуцирање на активностите и избегнување групирања во затворени простории. Ако веќе постојат мерки, тие треба да важат за сите без исклучок, па и за медиумите. Се чудам како тоа досега не се случи, вирусот да не ги зафати медиумските работници, ако се има предвид дека сите медиуми работат исто, како ништо да не се случува во државата и во светот, како да нема милиони заболени и мртви, како мерките на здравствените власти да не важат за нив. Неразбирлива е неподготвеноста на менаџерите и сопствениците на медиумите за реорганизација на работата во вонредни услови. И неразбирлива е леснотијата со која здравствените власти се прават слепи на непочитувањето на мерките што тие ни ги скроија. Ако самите медиуми не се подготвени за тоа - затворете ги. И онака нема никаква политичка активност што изискува регуларен број присутни новинарски екипи.

Новинарите, репортерите, снимателите, фоторепортерите и сите други во тимот се најизложени на вирусот затоа што се постојано во контакт со десетици и стотици луѓе, за кои не се знае дали се или не се носители на коронавирусот. Ако еден од нив се инфицира, кој ќе ја фати трагата со кого и кога имале контакт.

Но, прво ќе се почне од редакцијата каде што новинарот работел. А таму се знае дека секојдневно има меѓусебен непосреден контакт меѓу колегите. Тој медиум од тој момент, фактички е мртов. Нужно ќе треба да се тестираат сите кои имале контакт со заболениот, имале сите. Работата е што и заболениот можеби го добил од некој од своите колеги, или од некој од гостите, или надвор од редакцијата. За тоа требало порано да се мисли и соодветно да се реорганизира.

Само еден дел од медиумите направија минимална адаптација и поделба во тимови, за барем да се знае кој од кого се инфицирал за да можат да функционираат другиот дел од редакциите.

Работата на новинарите отсекогаш била стресна и ризична. Создадена само за кризни времиња како оваа, за епидемии, за војни, за бегалски кризи, за временски непогоди... Кога сите седат дома, тие работат. Предизвикот на професијата не ги спречува новинарските екипи да се соочат со опасностите дури и кога ситуацијата не го дозволува тоа. Но, овој пат се чини како причината за продолжување на работата на медиумите „по старо“, не е автохтоно новинарски предизвик, туку повеќе притисок на сопствениците и менаџерите, кои затскриени и безбедни зад своите удобни канцеларии сакаат да им го „извадат маслото“ на вработените новинари, камермани, фоторепортери, монтажери, и сите други во компанијата.

Репортерите се праќаат токму на оние најкритични места каде што постојано има толпа од луѓе, на пресови на битни и небитни партии и здруженија, во болници и амбуланти, кај заболени и немоќни, каде што во група еден до друг мораат да ги држат микрофоните, да поставуваат прашања во фаца на својот колега, а снимателите да си дишат во вратот.

Од друга страна, не престануваат дебатните емисии во студијата каде што најмалку еден гостин е од другата страна на масата на еден метар оддалеченост од новинарот или од другите соговорници. Сите без маски! Било глупо!!



СТАВ



**Ненад Јовановиќ**

# Опозициско бесчестие

> **Да се повикуваш денес да ја користиш короната за свој политички партнер е врв на бесчестие! Тоа е нешто што не е забележано во политичката историја на оваа земја. Едноставно, срам на опозициско бесчестие.**

Во моменти кога се бориме за сечиј живот во оваа земја, гледаме на секој начин да се придржуваме до мерките на Владата, за мерки што не ги пропишува политиката, туку стручњаците, лекарите и епидемиолозите, па гледаме и тоа дека опозицијата на чело со Мицкоски не може да се воздржи, не може да отстапи од својата злонамерност, не може да ја смири својата аздисаност, а не се ни осмелува ниту да ги пофали мерките за карантин и самоизолација, кои се имплицитно на стручњаците, лекарите и епидемиолозите, а не на политиката.

Јас мислам, како прво, оваа Влада се грижи за секој еден граѓанин, било тој да е од странство, било да е тука. Прилично јасно ги исчитуваме и извештаите на Никола Димитров, министерот за надворешни работи, и таму прецизно (и опширно) стои кои граѓани доаѓаат во земјата затоа што се затекнале или живеат во странство. Односно гледаме каде и со кои авиорелации ги земаме нашите граѓани што се затекнале на некои светски аеродроми.

## Демагогија

Меѓутоа, овде гледам и некои други работи. Има тука и демагогија, има тука и злонамерни работи. Внимавајте, ние денес имаме „полициски час“ со проширени ограничувања, па исчитувам коментари од типот - „Заев намерно нѐ малтретира и нѐ држи затворени во своите домови“, па исчитувам и коментари од типот - „на Заев дијаспората му е добра кога праќа пари, ама не му е добра кога треба да се врати во земјата“.

Имено, оваа се денес класичните спинови и лаги на ВМРО-ДПМНЕ, заедно со нивните гнасни „информативни“ телевизии и портали. На тој начин тие шират лажни вести, кои потоа стасуваат и на социјалните мрежи и на одредени медиуми. Вести во кои учествуваат и луѓе со „име и презиме“ во оваа земја, што, ми се чини, ќе биде забележано во историјата на бесчестие на оваа земја, тогаш кога некој ќе прави анализа што и како се зборуваше, што и како се случуваше во време на најголемата светска пандемија што ја зафати и Северна Македонија.

Работата, имено, е потполно обратна. Граѓаните што се постари од 65 години, за нив има најстроги мерки затоа што целта на забраната е тие да се заштитат – од проста причина – тие се „најфрагилна“ категорија граѓани. Тоа е најнеотпорна група што ја напаѓа коронавирусот, и оваа констатација не ја испишувам јас, туку оваа констатација ја зборуваат лекарите. Оливер Спасовски, ако добро исчитуваме, изрази жалење што мора да ја воведе таа мерка. На прес-конференцијата десетина пати повтори дека тоа не го прави Владата затоа што сака да изигрува полицаец, затоа што сака да им наштети на нашите постари сограѓани и сонародници, туку потполно обратно – со цел нив први да ги заштити затоа што се тие, ви велам, најнеотпорна група. И во таа смисла, да се спинува со глупави тези дека тука се „кршел Уставот“, па биле „загрозени човековите права“, па дека се врши некаква „сегрегација“ според староснa доба...

Знаете што, не сакам ова да го кажам: не му посакувам никому да му се случи да заболи од коронавирус, а оние луѓе што велат дека со овие забрани се крши Уставот, се кршат човековите права, и ако некој не ги почитува мерките на Владата – и се разболи – лекарите слободно нека му речат, со Уставот да се лекува. Нема потреба да се лекува на доктор кога во Уставот сѐ убаво пишува, нели?

Вонредна состојба е време на суспензија на граѓанските права и слободи – во корист на граѓаните. Јас имам право да се движам од 5 часот наутро до 16 часот, ама кога е вонредна состојба и кога животот ми е загрозен од епидемија, Владата и претседателот на Владата ги имаат „сите права на овој свет“ да ми забранат да правам нешто, и тоа за мое лично добро. Прво, затоа што таа забрана е привремена, второ, тоа е забрана додека трае опасноста. Тоа е забрана што има за цел да ги заштити граѓаните. Тоа е забрана што има за цел да ја заштити државата.

И во таа смисла, однесувањето на некои делови на опозицијата, и тие некои делови од интелектуално-невладино-новинарско и што-ти-ја-знам милје, е едноставно скандалозно и идиотско. Внимавајте, вие имате закони што сите мора да ги почитуваат, а тие не ги почитуваат законите, тие се повикуваат на државен удар, тие арбитрираат дали некој треба да се чисти од јавниот простор, од судството, од администрацијата, од Владата, повикуваат дека требало да се шетаат кучиња кога тие ќе посакале среде епидемија.

## Во неволја нема партии

Од друга страна, постојат некои правила во демократски општества, постои некој кодекс, во Северна Македонија таквиот кодекс постоел отсекогаш: кога е неволја, кога е некоја општа опасност, тогаш нема партии, нема идиотско опозиционерство, нема глупава критика, тогаш мораме сите да бидеме солидарни, да си помагаме едни на други, да се разбереме едни со други во неволја, да ги слушаме оние што се одговорни, оние што се попаметни, оние што се пообразовани, оние што се попстручни од нас, а тоа се професорите на медицина, лекарите, епидемиолозите и инфектолозите од Кризниот штаб на државата.

Значи, да се повикуваш денес на бесрамно опозиционерство, и да се обидуваш да ја користиш короната за свој политички партнер, така што ќе го рушиш Заев и оваа Влада – тоа е врв на бесчестие! Тоа е нешто што не е забележано во политичката историја на оваа земја. Едноставно, срам на опозициско бесчестие.

Таквите вкалкулирани идиотски опозиционери, од првиот ден, од нултиот ден, работат систематски: создаваат паника, пуштаат спинови и лажни вести, на секој начин се обидуваат да создадат недоверба на граѓаните кон институциите и државата. И оние опозициски „стручњаци“ што ги омаловажуваат професорите, лекарите, докторите и сите оние луѓе што овие денови носат многу важни и тешки одлуки само да ги заштитат граѓаните од инфекцијата. Што значи дека тие работат многу свесно, многу плански, многу систематски. И тоа е многу сериозна работа, па оттука би дал еден совет до Владата да размислат што да се прави со оние луѓе-опозиционери што прават многу поголема штета од самиот коронавирус.

# Скопје

**Град Скопје** Предложени мерки за независната културна сцена

## Култура и во време на корона

**Мерки** Се предвидува пренамена на буџетските средства, одложување на неприоритетните капитални инвестиции во културата, загарантиран минимален хонорар за сите ангажирани уметници за време на кризата, како и адаптирање на културните програми на сите градски институции на новите услови на работа.




Град Скопје ги претстави мерките со кои излегува во пресрет на барањата на независната културна сцена за да им овозможи социјална сигурност и можност за културно творештво на уметниците без постојана егзистенција, а кои со вонредната состојба ги изгубија сите свои ангажмани.

Со мерките насловени „Култура во време на корона“ се предвидува пренамена на буџетските средства, одложување на неприоритетните капитални инвестиции во културата, загарантиран минимален хонорар за сите ангажирани уметници за време на кризата, како и адаптирање на културните програми на сите градски институции на новите услови на работа.

– Скопје како кандидат за европски град на културата 2028, мора да покаже дека се грижи за домашната сцена и особено за локалните невработени уметници во овој критичен период за нивниот опстанок. Затоа, го задржуваме истиот буџет за култура, но средствата ги насочуваме кон луѓето и програмите, наместо кон капиталните инвестиции. Луна паркот како неприоритетна инвестиција ќе биде одложен за некоја година, но затоа Универзалната сала и веќе започнатите реконструкции во градските институции ќе се реализираат. Предвидуваме и кратење на буџетите за оние меѓународни настани што нема да може да се одржат поради затворените граници и нивно пренасочување во проекти на домашни уметници и здруженија. Ги уверуваме уметниците и културните работници дека нема да бидат заборавени, а нашите сограѓани, иако под изменети околности, и оваа година нема да имаат недостиг од културни содржини, изјави скопскиот градоначалник Петре Шилегов.

**Од наредната недела Град Скопје ќе организира маалски концерти што граѓаните ќе можат да ги следат од балконите**



Според предвиденото со програмата „Култура во време на корона“, дел од проектите поддржани со Јавниот повик за 2020 ќе бидат авансно исплаќани, соодветно на потребите за уметниците од независната културна.

– Со оглед на затворените врати на сите културни институции за време на вонредната состојба, Град Скопје ја прави културата достапна до сечиј дом. Веќе од наредната недела градот ќе организира маалски концерти што ќе имаат можност да се следат од балконите. Притоа, ангажираните изведувачи ќе бидат невработени уметници и ќе добиваат еднаков солидарен хонорар од 14.500 денари - информираат од Градот.

Се предвидува програмите на градските културни институции да се пренесуваат онлајн, а доајените во културата над 70 години ќе добиваат логистичка и психолошка поддршка од волонтери на Град Скопје.

Од Град Скопје информираат дека овие мерки доаѓаат како резултат на барањата на иницијативата „Културата е насловна страна на секое општество“, што беше поддржана од ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена и Синдикатот на културата (СКРМ), а се изработени од Младинскиот културен центар, како институција со најголема поврзаност со независната култура.

„Култура во време на корона“ почна вчера со онлајн прошетка со водичи низ Зоолошката градина – Скопје.

**Општина Гази Баба.**

## Четири пункта за автоматско дезинфицирање возила



На сите четири влезови и излези од Општина Гази Баба се поставени пунктови за автоматско дезинфицирање на возилата.

– Првиот пункт е поставен на улица „Благоја Стефковски“ кај киното Маџари, опфаќајќи ги сите возила од Петровец и од околните населени места од Дрма до Хиподром, вториот пункт кај ООУ „Кирил и Методиј“ во Стајковци опфаќајќи ги населените места од Раштак до Стајковци, како и сите возила што влегуваат од северната обиколница. Третиот пункт е поставен во близина на „С-маркет“ опфаќајќи ги сите возила што влегуваат или излегуваат во општината од страна на Арачиново. Четвртиот пункт ќе биде поставен на улицата „Коце Металец“ во Железара, опфаќајќи ги сите возила што доаѓаат од Општина Бутел – информираат од Општината.

Општина Гази Баба изразува голема благодарност до професорите и инженерите во средните училишта „8 Септември“ и „Михајло Пупин“, кои по барање на Кризниот штаб, ја изработија конструкцијата и автоматиката на пунктовите за автоматско дезинфицирање на возилата.

Оттаму апелираат до граѓаните да ги одржуваат пунктовите и да не бидат оштетувани.

**Општина Карпош.**

## Социјални пакети за 30 домаќинства

• Социјални пакети со прехранбени производи и средства за хигиена, во текот на викендов беа поделени на 30 социјално загрозени домаќинства од Карпош. Хуманитарната акција Општината ја организираше во соработка со Црвениот крст, чии волонтери ја извршија дистрибуцијата на пакетите.

- Пред велигденските празници, Карпош традиционално организираше хуманитарна акција пред сите поголеми маркети на која граѓаните донираа производи. Но, оваа година со намера да се спречи директен контакт меѓу граѓаните, се одлучивме да ја спроведеме акцијата на овој начин - велат од Општината.

Изминатата недела беа доделени и 50 социјални пакети со храна и средства за хигиена, кои беа донирани од компанијата „СМС Шопс ДООЕЛ“, што значи дека изминатава недела беше доделена поддршка за вкупно 80 домаќинства во Карпош.



**Став.**



↓Анета Стојковска

## И ова ќе помине, само вандализмот не

Викендов, за време на забраната за излегување од дома, беше запален летниковец во парк-шумата Гази Баба. Пред две недели, исто така во период на полициски час, некој се „забавувал“ палејќи контејнери на „Партизанска“. Сторителите, за жал, не се познати. Некои вандали навидум мирно дремат по дома, а во слободно време, кога им е досадно, прават штети низ градот.

Никогаш не ја разбрав болната желба на некои луѓе да се уништува општото добро. Да се крши урбана опрема, реквизити на детски игралишта, да се палат контејнери, да се дивее низ градот кога никој не те гледа. Едноставно, да се прави штета од ќеф, од лошотилак, од злоба и од недостаток на минимум воспитување, совесност и одговорност. Кој е тој порив? Како функционира свеста на тие суштества?

Шилегов порача дека ваквиот вандализам мора да престане. Како, градоначалнику? Ќе поставите чувари покрај секоја клупа, контејнер, летниковец и видиковец? По тревниците каде што несовесните си ги паркираат автомобилите? Или камери на секоја педа низ градот? Можеби повикувате на нивниот разум?

За ваквите граѓани не постои апел што ќе допре до нив.

Живееме тешко време, сите ние, соочени со опасноста по сопственото здравје и живот, од која секој од нас стравува. Ограничена ни е слободата, физичките контакти, изолирани сме од семејството и пријателите. Дојде пролетта без кафе- муабет по кафулињата, без друженја, без патувања. Нема настава по училиштата, нема детска смеа по игралиштата. Тешко е. Ваквата ситуација кај повеќето граѓани предизвикува чувство на заедништво, сплотеност, поврзаност, поради заедничката неволја во која се наоѓаме. Кај некои, пак, без оглед на тоа каква е ситуацијата, секогаш само бес, гнев и омраза.

Во дел од скопските населби викендов соседите се дружеа и поддржуваа со музика и песни секој од својот прозорец и тераса. Оние другите, пак, на кои гневот им е начин на функционирање, им се потсмеваа и ги навредуваа по Фејсбук. Некои, пак, палеа видиковци. Секој со својот ум.

Сето ова ќе помине и ќе се вратиме на нормалниот, секојдневен начин на живот. Само гневните и злобните ќе си останат исти. И палачите и уништувачите. За жал!

# ЕНИГМО



ЈАПОНСКИ АРТИСТ КИТАГАВА

ХРВАТСКИ КОМПОЗИТОР СТИПИЦА

ПРИПАДНИК НА АЗИСКИ НАРОД, ОБАР

Б

РЕКА ВО ИТАЛИЈА (ТЕЧЕ НИЗ ФИРЕНЦА)

ВИД ДРВО

КУЈНСКИ САД, ТИГАН

ГРАНКА НА МЕТЕОРОЛОГИЈАТА

ТРЕВОГА

РЕКА ВО БиХ

ЗАМОРЕНИ, ИЗМОРЕНИ

ОБЛИК ЗА ЛЕСНО СОВЛАДУВАЊЕ ВОЗДУШЕН ОТПОР

УНГАРСКИ ПИСАТЕЛ ЛАСЛО

СТАРА МЕРКА ЗА ТЕЖИНА

РЕКА ВО БиХ

СТАРОЕЛИНСКИ БОГ НА ВОЈНАТА

РЕНИУМ

ТИМОТИ НАГАЛЕНО

РЕТОР, ГОВОРНИК

ДУШЕВНО РАСПОЛОЖЕНИЕ (ЛАТ.)

МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ (АХМЕД)

ФИЛМ НА СТИВЕН СПИЛБЕРГ

АРТИСТКАТА ХАТАВЕЈ

ОЛАФ АУКРУСТ

РОКИ МАРЧАНО

„ОЛИМПИСКИ ИГРИ"

ЛОН ЧЕЈНИ

ОРЦЕ НИКОЛОВ

СУЛТАНОВ УКАЗ

БИРО, КАНЦЕЛАРИЈА

СТРАНА НА СВЕТОТ

СЕЛСКА ОБУВКА

ГРЧКА ЛОША ВЕРЗИЈА НА ПРОЧУЕНАТА СТРУМИЧКА МАСТИКА

ПРИЈАТЕН МИРИС

ФРАНЦ. ПИСАТЕЛ ВИКТОР

ПЕЈАЧКАТА МАЈЛС

ОСТРОВ ВО ПОЛИНЕЗИЈА

КК ОД СОЛУН

СРПСКО МАШКО ИМЕ

ОБЛАСТ КАЈ НАШИОТ ЈУЖЕН СОСЕД

ГРАД ВО ГЕРМАНИЈА

АМЕР. АРТИСТКА ЕН

СИТНО СОМЕЛЕНО ЖИТО

ДАВАЧКА НА ДРЖАВАТА

ЛИЧНА ЗАМЕНКА

ДОЈКА

ЕДРЕНИК СО ДВА ЈАРБОЛА

ГРАДИНАРСКО РАСТЕНИЕ

РИХАРД ЛИПКЕ ГУЗЕНБАУЕР

ПОЕН ВО ЏУДОТО И КАРАТЕТО

ВЕРУВАЊЕ

МАРИЈА НАГЕЛНО

В

ФУДБАЛЕРОТ ОБЛАК

КИНЕСКА ФИЛОЗОФИЈА

МЕРЕЊЕ НА КОЛИЧЕСТВО ТОПЛИНА

ГРАД ВО ЧИЛЕ

РАКОМЕТАР НА "ВАРДАР" СЕРГЕЈ

НОВА (ЛАТ.)

# ДОМИНО КРСТОЗБОР

**ДОМИНО ПЛОЧКИТЕ ДАДЕНИ ПОКРАЈ КРСТОЗБОРОТ РАСПОРЕДЕТЕ ГИ НА СООДВЕТНИТЕ МЕСТА ВО МРЕЖАТА ЗА ДА ДОБИЕТЕ ПРАВИЛЕН КРСТОЗБОР. КАКО ПОМОШ ПРИ РЕШАВАЊЕТО, ДАДЕНИ ВИ СЕ НЕКОЛКУ ЦРНИ ПОЛИЊА И СЕ ВПИШАНИ НЕКОЛКУ БУКВИ. ПРИЈАТНА ЗАБАВА!**

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Е | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | Е | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| С | Т | И | К | А |
| Т | А | С | И | |
| И | С | Т | | Т |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | | Е | Т | А |
| С | О | С | | Р |
| Н | С | | П | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Г | Е | К | О | Н |
| А | Л | А | | О |
| М | Е | Р | А | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Н | | С | Т | Р |
| Т | И | | О | М |
| А | З | У | Р | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Д | В | А |
| С | И | Л | И | |
| А | Л | А | Д | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| В | А | Т | А | Р |
| А | М | | М | А |
| К | О | Л | А | С |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| М | К | А | | Т |
| Г | А | Л | И | |
| | О | К | У | К |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Е | М | И | Р |
| С | Т | А | Ј | А |
| Р | А | Г | А | Ч |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | И | П | О |
| П | И | Е | Т | Е |
| Р | | Р | Е | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| И | В | К | О | |
| Ц | Е | Н | Т | Р |
| А | Н | Е | | О |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П | Н | И | | А |
| Е | А | Л | И | З |
| Р | | | Н | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А | Р | А | С | П |
| Р | А | Д | А | Р |
| А | | Е | Л | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | А | | Т |
| К | А | П | И | |
| Е | Л | И | С | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П | А | С | Т | Р |
| А | С | Т | Р | А |
| К | А | Р | С | Т |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Н | К | | М | И |
| Т | А | Р | А | Н |
| А | Л | Т | Р | У |

ПОФАЛБА, ЛАСКАВ ЗБОР (МН.)
К
ПРЕДНОСТ, ПРВЕНСТВЕНО ПРАВО
ПРЕТЕНДЕНТ
ОСУМАГОЛНИК
О
ИЗВИК ПРИ СКОК
ПРЕГЛЕД, ОСВРТ
Б
ОСТРОВ НА ЈАДРАНОТ / ЕДВАРД ГРИГ
ЛУЃЕ ШТО НЕГУВААТ КОЊИ
П
ПОКОРУВАЊЕ, ПОКОРНОСТ / НАЈЗДРАВ ПИЈАЛАК
СЕВ. АМЕР. ТРЕВНА РАМНИНА / ЕДНОКЛЕТОЧНО ЖИВОТНО
П
С
ЖИТЕЛ НА СУДАН / ВИОР, ВРТЛОГ
М
ВИД ЗАЧИН / ШАРМ

КОПАЊЕ ОКОЛУ НЕШТО
ТОВАРАЧ НА ДРУГО МЕСТО / ВЕШТА ИЗМАМА
ТЕМНИЦА
ТЕАТАРСКО ДЕЛО СО СМЕШНА И ЖАЛОСНА СОДРЖИНА / „АВЕНИЈА“
ЕКС СЛОВЕНЕЧКА ПЕЈАЧКА АЛЕНКА
УСОГЛАСУВАЧ / ОТВОРЕНИ СОБНИ ОГНИШТА
СТРАНСКО МАШКО ИМЕ
ИТАЛИЈАНСКИ ПОЛИЦАЕЦ / СОПЕРНИК (МН.)
ТОШЕ ПРОЕСКИ
ГРАТЧЕ ВО СРЕМ (ВОЈВОДИНА)
ОБЛАСТ ВО ИТАЛИЈА / АМАЛИ
ПОКРАИНА (ТУР.) АЈАЛЕТ / ЛАЖЕН ЛЕК
ГНИЛ ИЗРАСТОК НА ТЕЛОТО (МЕДИЦИН.)
ГОДИШНО ВРЕМЕ (МН.) / ГРАД ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОН.
ПОНД НЕБЕСЕН АГОЛ
АУГУСТ ЦЕСАРЕЦ / СПЕЦИЈАЛЕН ПРАТЕНИК
НИКОЛА ПЕТКОВСКИ
ВИД АЛКОХОЛ, ШПИРИТУС
ВАСИЛ ИЉОСКИ / СРЕДСТВО ЗА ШТАВЕЊЕ
СВЕТЛО АНГЛИСКО ПИВО / ПЛАНИНА ВО ЛАОС
ПЕЈАЧОТ КИНГ КОЛ
САТАНСТВО / ВРХОВЕН КАТОЛИЧКИ ПОГЛАВАР (МН.)
ТИНА ТАРНЕР
ПАРАЛИЗИРАНИ ЛУЃЕ / МАЖ НА КЕРКА ИЛИ СЕСТРА
ИМАГИНАРЕН БРОЈ
МИРУДИЈА (МН.) / ТОРИНО
ГРАД ВО АЈОВА (САД) / ТОМАС МАН
А
„ЕНИГМО“
ВИД ПОДНА ПОКРИВКА, КИЛИМ (МН.) / ТЕМПО
ВИД МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ / ИТАЛИЈА
ИТАЛИЈАНСКИ ФУДБАЛЕР ФРАНЧЕСКО (ФОТОС)
ОЖИВУВАЧ



# ИТАЛИЈАНСКИ КРСТОЗБОР

**Решавачот сам ги пронаоѓа црните полиња. Бројот во заградата, на крајот од описот, покажува колку црни полиња има во еден ред. Распоредот на црните полиња не е симетричен.**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ХОРИЗОНТАЛНО:**

**1.** Лажни, измислени имиња со кои се потпишуваат писатели, уметници и сл. – Наука за болестите на мочните органи **(1);**
**2.** Вљубеност во самиот себе – Назив за движење на лудитите (работници кои ги кршеле машините на кои работеле) **(1);**
**3.** Справа за мерење притисок на течности и гасови во затворени садови – Краток научен собир – Хемиски знак за рубидиум **(2);**
**4.** Староелинска божица на кавгата, сестра на Арес – Волшебна ламба од „1001 ноќ“ **(1);**
**5.** Сврзник – Место во Далмација кај Скрадин – Автознак за Макарска – Кратенка за исток – Град во Норвешка **(4);**
**6.** Ситен инсект, паразит – Поранешен американски претседател Џон – Маса (унг.) **(4);**
**7.** Физиотерапевтка, тријачка – Унгарско машко име (Ласло) – Изјава на сослушување во истражна постапка – Кратенка за литар **(3);**
**8.** Александар Њекрасов (иницијали) – Орев што се фрла во игра, ојнак – Сладок сок од растенија, пијалак на боговите – Автознак за Кикинда **(3);**
**9.** Луѓе што „читаат“ туѓи мисли – Леѓен – Годишен приход на папа **(3);**
**10.** Ознака за ампер – Воведувачи на новини, пронаоѓачи – Тврдоглаво однесување **(2);**
**11.** Англиски пивници – Почетник, неискусен човек (тур.) – Комика, смеење **(2);**
**12.** Американски тенисер Андре – Трговци со платно или ситна стока – Постара ЈУ артистка Ита **(2);**
**13.** Град во Франција – Главен лик од истоимениот роман на Лав Николаевич Толстој – Место во Хрватска близу Вировитица **(2).**

**ВЕРТИКАЛНО:**

**1.** Ум, разум – Најјужен ’рт на Пелопонез **(1);**
**2.** Варење – Турски достоинственик **(1);**
**3.** Фудбалски клуб од Кипар – Држава во Азија **(1);**
**4.** Восхитеност **(0);**
**5.** Река во Русија – Вид слатководна риба (мн.) **(2);**
**6.** Орестина (нагалено) – Вид ориентална слатка (мн.) – Автознак за Австрија **(2);**
**7.** Судски заверувач – Град во Јапонија – Перо Наков (иницијали) **(2);**
**8.** Вид печатарски букви, курзив – Вид жичен музички инструмент **(1);**
**9.** Странско женско име – Димник **(1);**
**10.** Ива Заники (иницијали) – Српска парична единица – Река во БиХ **(2);**
**11.** Жител на древна Асирија – Вид занаетчија **(2);**
**12.** Паметен – Песочен рид во пустина – Иманул Теодор Елзнер (иницијали) **(2);**
**13.** Ознака за реомир – Девојки – Град во Франција **(2);**
**14.** Маслинка (лат.) – Изработувачи на икони **(1);**
**15.** Месечина (лат.) – Модел на Опел – Хемиски знак за индиум **(2);**
**16.** Робинка во харем – Извик – Кратенка за алт **(2);**
**17.** Ситна морска риба – Вид јадење со лук, краставици и кисело млеко **(2);**
**18.** Иван Зајц (иницијали) – Тврда агрегатна состојба на водата – Неспокој **(2);**
**19.** Катарка – Тесни речни корита, клисури **(1);**
**20.** Склад за жито – Книжевник, писател **(1).**

## АФОРИЗАМ

**ВЛАДАТА РЕШИ ДА ГО РАСВЕТЛИ ПРОБЛЕМОТ. НАБАВИ РЕФЛЕКТОРИ**

# ВОЛШЕБЕН ЛИК

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**И, ИС, ЈА, КЛО, КРЕ, ЛИСТ, МИ, МО, НА, ПОС, ПРС, РА, РИ, РИ, РИ, СТЕ, СТЕ, ТИ, ТО, ТОК**

**ХОРИЗОНТАЛНО И ВЕРТИКАЛНО:**

**1.** Човек кој држи до морални норми,
**2.** Тврдина (мн.),
**3.** Дел од кројачки прибор,
**4.** Замок (мн.),
**5.** Тајна (мн.),
**6.** Наука за минатото.

# АНАГРАМИ

**ВИКАЛА ОГОРЧЕНА . . .** ОВАА НАША ПЕЈАЧКА ЗАТОА ШТО НЕ ПОБЕДИЛА НА ЕВРОСОНГ

* * * * * * *

**ЛЕТ И АТАК**... НА СВЕТСКИ РЕКОРД ВО ОВОЈ СПОРТ

* * * * * * *

**ХИПЕРЛЕТКО** ... Е ОВАА ЛЕТАЧКА НАПРАВА

* * * * * * *

**А КОРИСТИ ВИДЕО**... ОВОЈ ИТАЛИЈАНСКИ ФИЛМСКИ РЕЖИСЕР

* * * * * * *

**Е ПА РАСНА ДИВА . . .** Е ОВАА ФРАНЦУСКА ФИЛМСКА АРТИСТКА И ПЕЈАЧКА

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| „ЕНИГМО“ | ПРОПОРЦИОНАЛЕН ОДНОС / АДВОКАТ | П | ПРОСТОРНА ИЗРАЗЕНОСТ | ПЕРУАНСКИ ФУДБАЛЕР ЕМИЛИО | К | ВОЛУМЕН | ПРАЖИТЕЛИ НА ФРАНЦИЈА | В | ПРОМЕНЛИВОСТ / НИКЕЛ | ЕДНАКОВ | АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ СИЛВЕСТЕР | ТОКАРСКА ИЗРАБОТКА | ОПЕРСКИОТ ПЕЈАЧ КАРУЗО / СПИСИ | Е | ИЗРАБОТУВАЧИ НА КАЦИ | К | УРИНАРНА СОНДА |
| ПАБЛО РУИС ПИКАСО | | | | ЖИТЕЛКА НА АВГАНИСТАН | | | | | | | | | | | | | АРОНДИСМАН ВО ГВАЈАНА |
| ШВАЈЦАРСКИ СКИЈАЧ ХАНС ПЕТЕР | | | | СУЛФУР / СТИСНУВАЊЕ | | БЛАГОРОДНИЦИ / ПИСАТЕЛОТ ДЕ БАЛЗАК | | | | | | | | | | | |
| ХРИСТОВИ УЧЕНИЦИ | | | | | | | | | ОДМЕРЕН / СТАРИ РИМСКИ ПАРИ | | | | | | | | |
| ВООРУЖЕНИ ПОБУНИ / ИТАЛИЈАНСКО МАШКО ИМЕ | | | | | | | | | | СОБИР НА ЛАИЦИ (МН.) / ТОНА | | | | | | | |
| Б | | | | | | | АНГЛИСКА АРТИСТКА МЕРИ / ЕЗЕРО ВО ФИНСКА | | | | | | РАСПОЛОЖЕН ЗА РАБОТА / ВИД ТАПАН | | | | |
| Е | | | | | | | | | | ПЕЈАЧОТ КИНГ КОЛ / ОСАКАТЕНОСТ | | | | ЕЗЕРО ВО С. АМЕРИКА / ГОЛЕМО ТОПОВСКО ЗРНО | | | |
| ИТАЛИЈАНСКИ ОПЕРСКИ ПЕЈАЧ / МАРКА КАЛОДОНТ | | | | | | | | | ДЕЛ ОД БЕЛГРАД / НАШ ХУМОРИСТИЧЕН ЛИСТ | | | | | | ЧИТАЈТЕ „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“ | СОЛИ НА ОКСАЛНА КИСЕЛИНА | ПОКРОВИТЕЛСТВО |
| ЖИТЕЛКА НА АОНИЈА | | | | | | ВИД БИК ОД ЦЕЛЕБЕС / ТЕМПЕРАТУРА | | | | | АРТИСТКАТА САМС / ЧКРАПЈА | | | | ИЗВИК ПРИ СКОК / ПОВЕЌЕ ОТКОЛКУ ТЕСЕН | | |
| „СЕКРЕТАРИЈАТ за НАРОДНА ОДБРАНА“ | | | | СТРАНСКО МАШКО ИМЕ | СГУРА / ЕКС ЕГИПЕТСКИОТ ПРЕТСЕД. ЕЛ САДАТ | | | | | | | ТРНЕЕЊЕ / КРАЛОТ ОД „МАХАБХАРАТА“ | | | | | |
| АРТИСТКАТА БАЛАБАНОВА | | | | | | НАГЛАСЕНОСТ / СОДА-ВОДА | | | | | | | | | | | |
| НАРОДНО ЖЕНСКО ИМЕ | | | | | | | СТИХ ОД ЧЕТИРИ СТАПКИ / НЕВЕНА НАГАЛЕНО | | | | | | | | | | |
| ПЕРО НАКОВ | | | АРТИСТОТ ЛАСТА / „НУКЛЕАРНА ТЕРМОЕЛЕКТРАНА“ | | | | | СТРАНСКО МАШКО ИМЕ / УДАР СО ТОПКА ВО СПОРТОТ | | | | | ДЕЛ ОД ГЛАВАТА / ЦРВЕН (ГЕРМ.) | | | | |
| ВИД ПЕЧАТАРСКИ БУКВИ | | | | | | | | | СТАЛЕ ПОПОВ / СТРУГА | | | ГРАД ВО БОКА КОТОРСКА / МИЛАНО | | | | | |
| ИЗБРКАНОСТ / АРТИСТ, ГЛУМЕЦ | | | | | | | | | | | МЕТАЛНА ПАРА / ТЕМПО | | | | | | |
| А | | | | | ЗАБРАНА, НЕПРИСТАПНА ТАЈНА | | | | | ВИД ТИТАНОВА РУДА | | | | | | | |

## ХУМОР

*Жената се враќа од шопинг и уште од вратата го прашува својот маж:*
*- Драги, како ти се допаѓа мојот нов шешир?*
*- Прекрасен е. Тој ти го покрива целото лице!*

*********

*Дошла некоја покорпулентна жена кај гинеколог и се плеснала преку гинеколошкиот стол. Кога ја видел докторот како лежи, а сето сало и' се прелеало преку столот, и' рекол:*
*- Извинете госпоѓо, можете ли да прднете?*
*- Мислите докторе заради варењето на храната во стомакот?*
*- Не госпоѓо, заради ориентација!*

*********

*Преживеале Мујо и Хасо бродолом и сега плутаат на некој сплав по океанот. Хасо почнала да го фаќа паника па почнал да се дере на цел глас некој да ги чуе и да ги спаси. Најпосле на Мујо му досадило тоа драње, па му рекол на Хасо:*
*- Ајде Хасо, не дери се толку гласно!*
*- Зошто?*
*- Па, затоа што е ова Тихиот Океан!*

*********

*Што вели русокоса кога ќе добие дете?*
*- Заради тебе одвојував од уста!*

*********

*Кои зборови жените најмногу мразат да ги чујат за време на одличен секс?*
*- Драга, еве пристигнав.*

*********

*Глушец и слон поминале луда ноќ водејќи љубов. Меѓутоа, утрината кога се разбудил глушецот видел дека слонот лежи мртов, веројатно од преголема возбуда.*
*- Ете што ти е судбина, - си рекол глушецот во себе, - за една ноќ уживање, сега до крајот на животот ќе морам да му копам гроб!*

*********

*Разговараат Босанец и Американец и Босанецот прашува:*
*- Што е за тебе најголемо уживање?*
*- Кога ќе дојдам уморен од работа, а дома нестрпливо ме чекаат жената и децата, - рекол Американецот.*
*Босанецот разочарано рекол:*
*- Ти бре значи не знаеш што е тоа бурек!*

*********

*Судијата го испитува сведокот на некоја тепачка:*
*- Вие сте биле присутен кога обвинетиот ја тепал својата тешта. Зошто не интервениравте?*
*- Па, најпрво сакав да интервенирам, но кога се уверив дека обвинетиот ќе успее сам, се воздржав!*

РУСКА ТЕНИСЕРКА
ИМЕ НА ТРОЈЦА ПЕРГАМСКИ КРАЛЕВИ
ВОСПАЛЕНИЕ НА НОСОТ / ИСЦЕЛИТЕЛ НА РАНИ
Р
СТАРОГЕРМАНСКИ НАРОД
ЖЕНСКО ИМЕ
СИЛНО ПЕЧЕНА ТУЛА
СТ. ЕЛИН. БОЖИЦА НА ОДМАЗДАТА
ЛАЧ (МН.) / НАША АРТИСТКА МАГДАЛЕНА (ЧЕРНИХ)
Ф
О
КАТОЛИЧКИ СВЕШТЕНИЦИ / ВОДАЧ НА ОРО
МОНГОЛСКИ ВРАЧОВИ / СТАР ГРАД ВО МЕСОПОТАМИЈА
Ш



М
АНГЛИСКА ПЕЈАЧКА
СРПСКА ОПЕРСКА ПЕЈАЧКА
С
МИНЕРАЛ СО БОЈА НА МАСЛИНКА / МЕЃУ СПИСИ
СЕЛО БЛИЗУ ТЕАРЦЕ
РИЕКА / ГОЛЕМА СИЛА
SВЕЗДА ОД СОЅВЕЗДИЕТО „ОРЕЛ“ / „ОДБОЈК. СОЈУЗ на МАКЕДОН.“
ОЛИВЕР МЛАКАР (ПРЕКАР) / РЕКА ВО МЕКСИКО
8 - та БУКВА
ВИД ЈАДЕЊЕ / ГРАД ВО СРЕМ (ВОЈВОДИНА)
АФИРМАЦИЈА / ИТАЛ. РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
ФРАНЦ. ХРОНИЧАР АДОН / ПОЕТСКА ФИГУРА
*ТУРИСТИЧКО МЕСТО ВО ТУРЦИЈА (ФОТОС ГОРЕ)*
ЕНЦО СЕРИНИ
ЖЕН. ИМЕ / ИЗУЧУВАЧ НА АМЕРИКАНСКАТА КУЛТУРА
БОРАЛИШТЕ / ГРАД НА ХОНШУ (ЈАПОНИЈА)
СЕЛО ВО КАВАДАРЕЧКО
„ЕНИГМО“
ЖЕЛЕЗНИ ЛОСТОВИ / АВСТРИСКИ АВТОМОБ. ЈОХЕН
Ќ
К
КАТИНАР / НИКЕЛ
ХОЛАНДСКИ ФУДБАЛЕР ЈАП
НЕРЕЗ / ВИД ПАЛМА, УРМА (МН.)
НИКОЛА МИТКОВ / УЧИЛИШНА КЛУПА
ГРАД ВО ФРАНЦИЈА / РЕКОРДЕН БРОЈ ВАРИЈАНТИ
МАРКА КАМИОНИ
ГЕРМАН. АРТИСТКА МАРЛЕН / НАШ РЕВОЛУЦИОНЕР
СПОРЕДНИ АРТИСТИ НА СЦЕНА / РОМАН ПОЛАНСКИ
ТВ ВОДИТЕЛКАТА СПИРОВСКА
ШПАНСКИ ФУДБАЛЕР / МЕСТО, КАЈ ПЕК
РОБОТ (МН.)
ТОКИСКИ АЕРОДРОМ
СЕЛЕН / ТИНА ТАРНЕР
ОБЛАСТ НА БЛИСКИОТ ИСТОК / АРГОН
ПЧЕЛАРСТВО
ПОЛСКИ ПОЛИТИЧАР ХИЛАРИ / ВОЗАЧКИ ТИМ НА „F1“
„ИСТОЧНО ЕВРОПСКО ВРЕМЕ“ / ВИД ДРВО
ИСТАКНАТ ДЕЛ ОД ЗГРАДА
ПОМОШНИК НА КАТОЛИЧКИ СВЕШТЕНИК / ПОДБИВНО
ВОЈСКА / НАЈСИЛНИ КАРТИ
БЕЛГИЈА / НАЧИН НА ЛЕКУВАЊЕ
ЦЕТИЊЕ / ВИНА, КАБАЕТ
Р
АВГУСТ ЦЕСАРЕЦ / НИКОЛА ПЕТКОВСКИ
РЕКА ВО РУСИЈА / НАШ КОМПОЗИТОР ЈОВАН
„АРКАНЗАС“ / БРАНИСЛАВ НУШИЌ
ОКСИГЕН / ДЕПАРТМАН ВО ГВАЈАНА
РЕКА ВО ФРАНЦИЈА / ВИКАЊЕ, КАРАЊЕ
ЖИТЕЛКА НА ИНДИЈА / ПОСТАР БРАЗИЛСКИ ФУДБАЛЕР
МУСЛИМАНСКО МАШ. ИМЕ / ВИД ОБЛЕКА (МН.)
П
ШПАНСКИ ФУДБАЛЕР КАРЛЕС / ИВАН НАГАЛЕНО
МНОГУМИНА / МУДРИ СТАРЦИ
ЈАЈЦА ЗА КВАЧЕЊЕ (МН.)
ГОРЕН ДЕЛ ОД КУКА (МН.) / КИРЕ КОСТОВ
ВИД РАСТЕНИЕ / ПРЕФИКС: ДЕСЕТТИ ДЕЛ
Т
БИЛКИ, ТРЕВНИ РАСТЕНИЈА / СЕНКА, ЛАДОВИНА
ЗАКУП НА ЗЕМЈИШТЕ / ГЕРМ. АТЛЕТИЧАРКА РОЗЕМАРИ
„ИНСТИТУТ за НАЦИОН. ИСТОРИЈА“ / ЛЕКАР (ГРЧ.)
ЛИЧНА ЗАМЕНКА / „ЧЛЕН“
МУСЛИМ. МАШКО ИМЕ / РАДИУМ
ОПОЈНИ СРЕДСТВА, НАРКОЗА / ПРАЖИТЕЛ ВО ПОТИСЈЕ
ПРЕСИЈА (МН.)
*ГРАД ВО НОРВЕШКА (ФОТОС ДОЛУ)*
АВАНС / ПРЕФИКС: МНОГУ СТАРО
ПОНД / КОМПЛЕТ АЛАТКИ ЗА РАБОТА
СВЕЧЕНА ПЕСНА
РЕОМИР
ВОСПАЛ. НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ / РАКОВ. ВОЕНО ЛИЦЕ
„ПРИМЕР“ / ЕГИПЕТСКИ БОГ РА



ВОЗЕН РЕД
ЕПОХИ / АРТИСТКАТА МАРГРЕТ
СЕЛСКИ ПОДРАЧЈА / КАРИПСКИ ОСТРОВИ
РАНЧЕРИ / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14)
КАРАТ / РЕКА ВО АФРИКА
МУСЛИМАНСКО МАШ. ИМЕ / ПОКРАИНА ВО КИНА
П
ИГРА СО МУЗИКА / ДРЖАВА ВО АЗИЈА
ГЛАВЕН ГРАД НА КЕНИЈА / ШПИОНКАТА ХАРИ
А
НЕУТРОН / УЧЕЊЕ, НАУКА
АРАПСКИ ВЛАДЕТЕЛИ / АРТИСТКАТА САМС
ДЕЛ ОД ЛИЦЕТО / АРТИСТКАТА МИРАНДА
ПОЕТОТ ШОПОВ / АВСТРАЛИСКА ПТИЦА
ИТАЛИЈАНСКИ СКИЈАЧ ИВАНО / ОРЕГОН
РОБЕРТ ОВЕН / АВСТРИЈА
ЕДЕН СПОРТ / РУСКА ТЕНИСЕРКА
ТЕМЕЛ, ОСНОВА / ФЛУОР
ЈАГЛЕРОД / ВОЛТ
Д
ВАСИЛ ИЉОСКИ

# СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | | | 4 | | | 1 | |
| 9 | | | 2 | | 3 | | | 5 |
| | | 3 | 9 | | 6 | 8 | | |
| | 9 | 1 | | 3 | | 7 | 5 | |
| 3 | | | 8 | | 2 | | | 4 |
| | 7 | 4 | | 9 | | 2 | 3 | |
| | | 8 | 4 | | 1 | 3 | | |
| 4 | | | 7 | | 9 | | | 1 |
| | 2 | | | 5 | | | 4 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | | 7 | | 6 | | | 4 |
| | 1 | | | | | | 9 | |
| 4 | 7 | | | 2 | | | 5 | 3 |
| 7 | | | 8 | | 2 | | | 1 |
| | | 3 | | | | 4 | | |
| 9 | | | 6 | | 5 | | | 8 |
| 6 | 9 | | | 1 | | | 2 | 7 |
| | 3 | | | | | | 8 | |
| 1 | | | 3 | | 9 | | | 6 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 9 | | | | 5 | | | 4 |
| | | 5 | 9 | | 4 | 2 | | 7 |
| | 4 | | | 6 | | | 8 | |
| 9 | 2 | | | | | | 5 | |
| | | 6 | | 7 | | 1 | | |
| | 3 | | | | | | 4 | 2 |
| | 5 | | | 4 | | | 2 | |
| 4 | | 1 | 8 | | 3 | 9 | | |
| 3 | | | 1 | | | | 6 | 8 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4 | 5 | 1 | | 7 | 9 |
| | 1 | 8 | | | 2 | | | |
| | | | | | | 6 | | |
| | | 7 | | | | | | 5 |
| | | 4 | 3 | 2 | 8 | 1 | | |
| 2 | | | | | | 3 | | |
| | | 1 | | | | | | |
| | | | 1 | | | 4 | 3 | |
| 7 | 2 | | 8 | 4 | 5 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | | 7 | | | | | |
| | | 3 | | | | | | 7 |
| 6 | 4 | | | 5 | 1 | | 3 | |
| | | | 3 | | | 8 | 9 | 1 |
| | 3 | | | | | | 5 | |
| 9 | 8 | 2 | | | 5 | | | |
| | 9 | | 5 | 3 | | | 2 | 8 |
| 1 | | | | | | 6 | | |
| | | | | | 4 | | 7 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 7 | | 3 | | 4 | | 9 | |
| 6 | | | | | | | | 3 |
| | | | | 2 | | | | |
| 8 | | | | 9 | | | | 4 |
| | | 1 | 2 | 5 | 8 | 9 | | |
| 5 | | | | 1 | | | | 8 |
| | | | | 6 | | | | |
| 4 | | | | | | | | 6 |
| | 3 | | 1 | | 9 | | 2 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 4 | | | | |
| 5 | | 3 | 6 | | 9 | 8 | | 4 |
| 7 | | | 5 | | | | | 3 |
| | 6 | | | | | 4 | 7 | |
| 9 | | | | | | | | 2 |
| | 4 | 8 | | | | | 9 | |
| 2 | | | | | 3 | | | 1 |
| 8 | | 1 | 9 | | 4 | 6 | | 5 |
| | | | | 1 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 9 | | | | 6 | 7 | | 4 |
| | | | 8 | | 1 | | | 6 |
| 5 | | | | | | | | |
| 7 | 5 | | | | | | 2 | |
| | | | | | | | | |
| | 6 | | | | | | 8 | 9 |
| | | | | | | | | 7 |
| 6 | | | 5 | | 8 | | | |
| 3 | | 7 | 4 | | | | 5 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 4 | 7 | | | | | 3 | 8 |
| | | | | | 6 | 9 | | |
| | 6 | | 1 | | | | | 9 |
| | | 1 | | | 5 | | | |
| | | | 3 | 6 | 7 | | | |
| | | | 9 | | | 4 | | |
| 3 | | | | | 9 | | 8 | |
| | | 3 | 7 | | | | | |
| 9 | 8 | | | | | 6 | 2 | 1 |

# АНАГРАМИРАЈТЕ САМИ

| А | Б | Е | И | Ј | К | Р | У | Ч |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | А | Е | К | Л | Л | П | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | В | И | К | Н | Н | С | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | В | Д | Ж | Н | О | Р | С | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Е | И | М | Н | О | Р | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Е | Е | И | О | П | Р | С | Т | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | В | Д | Е | З | И | И | Ј | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | В | Е | К | Л | О | Р | С | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | И | Ј | К | М | Н | О | П |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | Е | Е | О | П | Р | Р | Р | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | В | И | Л | Р | Т | Т | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Е | Л | Н | О | О | С | С | Т | Ц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

„ЕНИГМО“

ЛЕК ВО ВИД НА ТАБЛЕТА ИЛИ ТОПЧЕ
К
ДОПИРНО / СТАКЛЕНИ ПРОИЗВОДИ
ВИД РАКИЈА / ИТАЛ. КОМПОЗИТОР ЏУЗЕПЕ
М
А
ПРОДАВНИЦА ЗА ЛЕКОВИ / РУСКО ЖЕН. ИМЕ
М
ТЕШКОТИЈА (МН.)
МАНАСТИРИ / СЕВЕР
К
Ч
ЧИСТА СОСТОЈБА / КОТОР
ОДАЈА
С
ИСТОРИЈА / СТИХ (ЛАТ.)
М
СРПСКИ ТЕНИСЕР НОВАК (ФОТОС) / ТАВА (МН.)
Ѓ

ЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊЕ
ПИТОРЕСКНО / АМПЕР
Ф
ПОСЕБЕН ЧОВЕК / ЧЕСТО ИМЕ НА ХОТЕЛИ
НАТПРИРОДНА ПОЈАВА / ЗАДВИЖУВАЧИ
ГЕРМАН. ФИЛОЗОФ ГЕОРГ / ГАЛСКИ ЈУНАК
ФРАНЦ. ФИЗИЧАР ДОМИНИК / ГЛ. ГРАД НА С. АРАБИЈА
НАЧИН НА ВОДЕЊЕ БОРБА / КРУЖНО ДВИЖЕЊЕ
АНГЛИСКА АРТИСТКА МЕРИ / ДРЖАВА ВО ЕВРОПА
ПОЗА, ГЛЕДИШТЕ / МОДЕЛ НА „ФОРД“
Ц
ЉУБИТЕЛ НА УБАВОТО / СЕВЕРЕН ЕЛЕН
ГРАД ВО ГРУЗИЈА / ТЕМПО
А
СЛЕД НА НАСТАНИ / „АНТИ ТУБЕРКУЛОЗ. ДИСПАНЗЕР“
ИВО КИПИКО
ЖЕНСКО ИМЕ / ФРАНЦУСКИ ФУДБАЛЕР ТЈЕРИ
ВИД КРВЕН САД / ПОЛЕДЕЛСКА РАБОТА
ПРВАК, ШАМПИОН
„ОЛИМПИСКИ ИГРИ“ / ОДРАЗ НА ТЕЛОТО ВО ДАЛЕЧИНА
ДУПКИ ВО ЅИД / КАТОЛИЧКИ СВЕШТЕНИК
ПЕКОЛ / КОРАЛЕН ОСТРОВ
А
ДРЖАВА ВО АЗИЈА (ЈОРДАН) / НУЛТА БРЗИНА
ЛЕТУВАЛИШТЕ БЛИЗУ ОПАТИЈА
ЛИЧНА ЗАМЕНКА
ДАЛМАТИНСКА МУЗИЧКА ГРУПА
МАТЕРИЈА ЗА СУШЕЊЕ БОИ / КОНАК, МЕАНА
М
ПЕЈАЧКАТА РУПЕЛ / АВСТРИЈА
ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ / КАРАТ
СТАРА МЕРКА ЗА ТЕЖИНА (МН.) / ВОЛТ
ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / СКРАТЕН ЗБОР
НАСЕЛБА ВО СКОПЈЕ





# МОЗАИК

5 букви: АНЈОН, ЕТИКА, ИНУИТ, ЛЕТВА, НЕРОН, РАСПА, УСЛОВ, ХОНДА

6 букви: БЈАНКА, ГРАНКА, ДРУГАР, ИМЕНКА, ОКТАВА, ПЛАТНО, РОСТОВ, СЛИКАР, ТЕОЛОГ

7 букви: АПЕНИНИ, ДАНАЈКА, ДВОЈНИК, ЕКСТАЗИ, КВАРТЕТ, РЕКЛАМА, РИНИТИС, СТРАНКА, ТЕНИСЕР, УНГАРКА, ХОКАИДО

8 букви: АЛИЈАНСА, ИНДИЈАНА, КРАНИСТИ, ОПЕРАТОР, ПИКАДИЛИ, ТИВЕРИЈА

9 букви: АНИМАЦИЈА, ИГРАЛИШТЕ, ИМАЖИНИСТ

10 букви: ДИРЕКТОРКА, ИНДУСТРИЈА, ЈОВАНОВСКИ, ПРАВИЛНОСТ, СТРАВИНСКИ

11 букви: РЕАЛИЗАЦИЈА

• Јапонските медицински служби предупредија дека ургентните центри во земјата се соочуваат со колапс поради големиот број на луѓе кои се заразени од коронавирусот, што исто така би можело да доведе до колапс на целиот здравствен систем. Во заедничката изјава на јапонското Здружение за акутна медицина и Здружението за итни случаи се посочува дека многу болници одбиваат итни случаи, вклучувајќи мозочни удари и срцев удар и надворешни повреди. Во Јапонија досега има 7.000 заразени и 100 смртни случаи.

**Рим** Папата Франциск испрати пораки на охрабрување

# Првиот Велегдин одбележан во карантин



**Папата Франциск велгиденската миса ја одржа во речиси празната базилика, во која строго се почитуваа правилата за социјално дистанцирање, пропишани од здравствените организации за спречување на ширењето на заразата на коронавирусот ковид-19**

На Велигден, плоштадот пред базиликата Свети Петар во Рим е традиционално исполнет со верници, кои со нетрпение ја очекуваат празничната порака на папата. Сепак, годинава пандемијата ги оневозможи верниците кои Христовот воскресение го одбележуваат според Грегоријанскиот календар, празникот да го дочекаат во црквите.

Папата Франциск велгиденската миса ја одржа во речиси празната базилика, во која строго се почитуваа правилата за социјално дистанцирање, пропишани од здравствените организации за спречување на ширењето на заразата на коронавирусот ковид-19.

Тој на верниците им порача дека не треба да се плашат и дека треба да ја повратат храброста во борбата со пандемијата.

- Моите мисли се со оние кои директно се погодени од кризата. Со оние кои се разболие, со починатите и со нивните жални семејства. Сега ни е најмногу потребна солидарноста, бидејќи само со солидарност ќе успееме да ја победиме болеста – поpaчата папата, акцентирајќи дека веднаш треба да прекинат сите конфликти во светот, а на лидерите на развиените земји им порача да им го простат долгот на помалку развиените.

Католиците, но и верниците кои најголемиот христијански празник го празнуваа во неделата, за прв пат во историјата беа оневозможени да ги посетат религиозните храмови. Иако во некои места е забележано прекршување на забраната за миси, сепак најголемиот дел од свештениците во светот ги почитуваат правилата за изолација и велигденската миса на верниците им ја пренесоа со посредство на интернет алатките.

Според бројни здравствени работници од светот, велигденските рестрикции значително ќе го ограничат бројот на новозаразените со ковид-19 во светот, а со тоа ќе бидат спасени бројни човечки животи.

## Амфилохие уапсен во Подгорица

• Црногорската полиција го уапси Митрополитот цетински и приморски Амфилохије од Српската православна црква.

Како што се наведува во извештаите, митрополитот бил уапсен по одржувањето на литургијата на литургија во црква во населбата Златица во Подгорица. Заедно со Амфилохије уапсени се и уште неколку свештеници, кои што присуствувале на литургијата.

Според важечките вонредни мерки во Црна Гора, забрането е организирање на верски церемонии во земјата, со цел да се спречи натамошното ширење на заразата предизвикана од коронавирусот.

## Гутереш: Верските лидери да му се посветат на мирот

• Генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш апелираше до верските водачи да работат на воспоставување на мир низ целиот свет и да се фокусираат на заедничка битка против коронавирусот.

Христијаните го слават Велигден, Евреите го одбележуваат Пасха, а муслиманите наскоро ќе го започнат светиот месец Рамазан.

- Да ја обновиме нашата верба едни во други и да извлечеме сила од доброто што се собира во проблематичните времиња, бидејќи заедниците на различни вери и традиции се обединуваат за да се грижат еден за друг, Заедно, можеме и ќе го победиме овој вирус – со соработка, солидарност и верба во нашата заедничка хуманост – изјави Гутереш.

**Ковид-19** Црн биланс

# Повеќе од 20 илјади жртви во САД

**Иако бројките од САД се песимистички, сепак, надлежните оценуваат дека мерките преземени пред две недели даваат одредени резултати и дека е забележано благо намалување на заразата**

Во САД се регистрирани најголем број на починати лица од коронавирусот, повеќе од 20.580, по што Италија сега е на второто место со 19.468, а следат Шпанија со 16.480 и Франција со 13.832 жртви.

Во САД, најголем број дневни жртви се регистрирани во изминатите четири дена, околу 2.000 на ден, а најголемиот дел од починатите се во градот и државата Њујорк. Во сите сојузни држави е прогласена состојба на голема катастрофа.

САД се рангирани на прво место и по број на заразени, во моментов 533.115.

Следуваат Шпанија со 163.027, Италија со 152.271 и Франција со 129.654 потврдени случаи.

Иако бројките од САД се песимистички, сепак, надлежните оценуваат дека мерките преземени пред две недели даваат одредени резултати и дека е забележано благо намалување на заразата.

Најверојатно во Њујорк веќе е достигнат пикот на заразата, но во претстојната недела се очекува нагло зголемување на црниот биланс во сојузните држави Флорида и Тексас, каде препораките за самоизолација и социјално дистанцирање најмалку беа почитувани.

Претседателот Доналд Трамп неколку пати повтори дека строгите мерки, кои неговата администрација ги донесе пред неколку недели, најверојатно ќе бидат на сила до 1 мај. Сепак, експертите сметаат дека ќе биде направена огромна грешка доколку кон крајот на месецот состојбата почне да се враќа во нормала.



- Според нашиот модел, доколку на 1 мај ги тргнеме мерките, тогаш веќе во јули ќе ни се повтори истата ситуација – вели Д-р Крис Мареј од Универзитетот во Вашингтон.

Од „Белата куќа“ излегоа со ново соопштение, во кое е потенцирано дека земјата полека но сигурно се справува со епидемијата.

- Резултатите се ихрабрувачки, но ние се уште го немаме достигнато врвот на заразата на национално ниво, затоа ќе мора да продолжиме да го правиме тоа што го правевме изминатиот период – објасни Д-р Дебора Биркс, Национален координатор за здравство на САД.

Според последните проценки, во САД во наредните денови се очекува бројот на заразени да се накачува за 30 илјади нови заразени дневно, што ќе донесе дополнителен притисок врз здравствениот систем.

**Оксфорд**

## Вакцината ќе биде достапна во септември?

• И покрај тврдењата дека вакцина против коронавирусот нема да биде достапна барем во наредните 12 до 18 месеци, тим научници од Оксфорд тврдат дека се може да биде готово и многу побрзо.

– Можеби уште во септември – барем така тврди професорката по имунологија Сара Гилберт.

Таа за „Тајмс“ изјави дека е осумдесет проценти убедена дека вакцината што ја развил нејзиниот тим ќе биде ефикасна. Со тестирање врз луѓе би можело да се почне во наредните две недели.

Владата на Велика Британија е подготвена, доколку тестот е успешен, да го финансира производството на првите милиони дози, така што вакцината би била веднаш достапна за јавноста.

# Спорт

**Катастрофи** Историја на откажани спортски настани

# Војни, несреќи, нереди, непогоди удирале по спортот

Војните биле најголема причина за откажување големи спортски натпревари низ историјата. Данок земале и сообраќајни несреќи, временски непогоди, инциденти...



Повеќепати низ историјата големи спортски натпревари биле одложувани или откажувани, од разни причини. Сепак, она што се случува денес со откажувањето и одложувањето на многу спортски настани, големи и мали, на национално или на меѓународно ниво, не е забележано во историјата. Листата е долга, а бидејќи пандемијата на коронавирусот сѐ уште трае, неблагодарно е да се прават некакви конечни пресметки.

Да се потсетиме на некои настани од историјата на спортот, кои биле откажани поради вонредни околности, глобални или локални. Пред сѐ, интересни се најголемите настани, како Олимписките игри или светските првенства во фудбал.

### Војните го задоа данокот на олимпијадите

Олимписките игри неколкупати беа жртви на војните што се водеа на глобално ниво. Биле откажани вкупно пет изданија на модерните олимписки игри, од кои три летни и две зимски. Првото откажување на ЛОИ било во 1916 година, кога Игрите не можеле да се одржат поради Првата светска војна. Домаќин требало да биде Берлин. Слична била судбината и на Игрите во 1940 и во 1944 година, кои требало да се одржат во Токио, односно Хелсинки и во Лондон. Причина била Втората светска војна. Игрите во Токио 1940 година биле дислоцирани во Хелсинки, но потоа биле откажани.

Инаку, првите модерни ЛОИ се одржани 1896 година во Атина, Грција, и редовно се одржуваа освен во споменатите случаи.

Втората светска војна беше причина за откажување и на две ЗОИ. Зимските игри првпат требало да бидат одржани во 1916 година, истата година како и летните, исто така во Берлин. Но и тие морале да бидат откажани поради Првата светска војна. Зимските игри во 1940 година биле доделени на Сапоро, Јапонија, но потоа поради јапонската инвазија на Кина во 1938 година, биле дислоцирани во Гармиш Партенкирхен, Германија. Откако Германија ја нападнала Полска следната година, овие Игри биле откажани. Истата судбина им се случила на Игрите во 1944 година, резервирани за Кортина Дампецо, Италија.

**Првото откажување на ЛОИ било во 1916 година, кога Игрите не можеле да се одржат поради Првата светска војна.**

### Кога „игра“ оружјето, нема СП во фудбал

Светското фудбалско првенство во 1942 година требало да се одржи во Германија или во Аргентина. Обете земји аплицирале за организатор на СП. Но, откако избувнала Втората светска војна, било јасно дека СП нема да има и не бил одреден ни домаќинот. За време на војната ФИФА одвај преживувала и било јасно дека оваа организација нема сили да го организира СП 1946 година, една година по завршување на светскиот воен судир. ФИФА потоа реши следното СП да биде во 1949 година, но ниедна земја не се јавила со интерес да биде домаќин. Следното СП било одржано дури во 1950 година во Бразил.

### Навивачко лудило во Египет го поништи првенството

На 1 февруари 2012 година најдобрите египетски клубови Ал Масри и Ал Ахли требаше да играат меч од првенството на стадионот Порт Саид. Уште на стартот имало проблем со домашните навивачи на Ал Масри, па почетокот доцнел 30 минути. Откако мечот какотака, по неколку прекини, заврши, навивачите на Ал Масри се судрија со навивачите на гостинскиот тим, напаѓајќи ги со шипки и ножеви, фрлајќи ги од трибините. Во колежот имаше 74 загинати.

Првенството веднаш беше суспендирано, а на 10 март беше и поништено. Како епилог на насилството, десетмина навивачи на Ел Масри беа осудени на смртна казна, а многу повеќе беа осудени на долги затворски казни. Сомнежите дека нередите всушност имале политичка заднина не беа докажани.





↑ Њујоршкиот маратон



↑ Падот на авионот го уништи фудбалски тим Чапекоензе

### Падот на авионот го уништи Чапекоензе

На 28 ноември 2016 година бразилскиот фудбалски тим Чапекоензе леташе кон Колумбија за да го игра првиот меч од финалето на Копа Судамерикана, а требаше да игра со Атлетико национал од Меделин. Но, фудбалерите на бразилскиот тим никогаш не стигнаа на одредиштето, затоа што нивниот авион удри во планинскиот масив близу аеродромот. Причината за несреќата беше бизарна – авионот немал доволно гориво да стигне до аеродромот. Загинаа вкупно 71 патник, од кои 19 од 22 играчи на бразилскиот тим. Финалето никогаш не се одржа, а од Атлетико Национал бараа трофејот да му се додели на Чапекоензе. Тоа беше сторено на крајот на 2016 година.

### Ураган го откажа маратонот во Њујорк

Од седумдесеттите години на минатиот век, Њујоршкиот маратон, веројатно најзначаен атлетски маратон во светот, се одржува редовно секоја година „и да врне и да вее“. Дури ни терористичкиот напад на Њујорк во 2001 година, не го спречи организаторот да го одржи маратонот два месеца по нападот. Сепак, ураганот Сенди го стори тоа што не им успеа на терористите. Маратонот беше откажан во 2012 година.

Беше решено дека не е во ред да се одржи трката низ дел од градот што беше погоден од ураганот. Покрај тоа организаторот не сакаше да ги окупира градските служби со организација на трката, кога имаа многу работа околу санирањето на штетите од ураганот.

Здравјето е круната на главата на добро лице,
која може да ја види само болниот.

Робин Шарма



**Како да го надоместите ако го немате доволно во организмот.**

# Витаминот Д е посебно моќен во борбата против коронавирусот




**Редовното користење витамин Д го штити организмот од сите вируси, а особено е потребен во овој период.**

Превенцијата и силниот имунитет се клучни во борбата против коронавирусот. На најзагрозените лица им се советува да не излегуваат од дома без потреба и да избегнуваат секаков вид контакт, но и редовно да внесуваат витамин Д.

Нискиот статус на витамин Д во зима дозволува вирусни епидемии. Според најновата студија, што ја спровеле седум еминетни стручњаци, витаминот Д може да го намали ризикот од вирусни епидемии и пандемии на неколку начини. Пред сè, повисоките концентрации на серумот Д (25 (ОХ) Д) го намалуваат ризикот од многу хронични заболувања, вклучително и карциноми, кардиоваскуларни болести, хронични инфекции на белите дробови, дијабетес и хипертензија.

Од достапните докази, научниците во студијата претпоставуваат дека подигањето на нивото на концентрациите на серумот 25 (ОХ) Д преку земање додаток на витамин Д може да ја намали инциденцата, сериозноста и ризикот од смрт од грип, пневмонија и актуелната пандемија со ковид-19.

Се проценува дека над една милијарда луѓе во светот имаат ниска концентрација на витамин Д, поради што со право се зборува за „пандемија“ на хиповитаминоза Д и се разгледуваат сериозните последици на овој проблем на јавното здравство.

Досегашните студии покажуваат дека дури 40-50 отсто од популацијата во нашиот регион имаат недостаток на витамин Д, а најниски вредности се бележат во зимските месеци, односно во време на доцна есен, зима и рана пролет, додека соодветни вредности во крвта достигнуваме дури во најтоплите месеци, бидејќи витаминот Д се синтетизира за време на изложување на сонце.

### Можеме ли да ги поврземе инфекцијата со ковид-19 и витаминот Д?

Постојат многу сличности, совпаѓања во паралелните пандемии на ковид-19 и глобалниот дефицит на витамин Д. Ризични групи во пандемијата на ковид-19 се старите лица и пациентите со хронични заболувања, токму оние групи кај кои во крвта се бележи ниско ниво на витамин Д. Понатаму, избивањето на пандемијата се случи во моментот кога населението имаше најниски вредности на витамин Д во крвта поради сезонските варијации.



Особено висока ризична група која бележи повисока стапка на смртност и потешки форми на заболување се дебелите луѓе, а кај нив недостатокот на витамин Д е особено изразен затоа што се складира во масното ткиво. Состојбата е слична и со пушачите, а во оваа група луѓе исто така се бележат просечно пониски вредности на витаминот Д во крвта.

### Како може витаминот Д да помогне во одбраната на коронавирусот?

Врз основа на досегашните истражувања, можеме да поставиме хипотеза дека добриот статус на витамин Д може да го намали ризикот од појава на вирусни епидемии и пандемии на многу начини, велат епидемиолозите. Соодветното ниво на витамин Д е неспорно важно за одржување на минералната густина на коските како и на мускулната маса и јачина. Лошиот статус на витамин Д се поврзува со малигни, кардиоваскуларни, автоимуни и невролошки заболувања и хронични респираторни заболувања, дијабетес и хипертензија. Токму овие болести се поврзуваат со најголемиот број смртни случаи кај пациенти со ковид-19.

Веројатно, ефектот на витамин Д врз намалувањето на ризикот од респираторни инфекции се заснова на три основни механизми: одржување на цврста епителна бариера преку дејствување на тесни крстосници, убивајќи ги обвитканите вируси со производство на кателицидин и дефензин и намалувајќи го производството на противвоспалителни цитокини и со тоа намалувајќи го ризикот од „цитокинска бура“ која е карактеристика на тешките пневмонии, како оние што се гледаат кај пациентите со ковид-19.

Витаминот Д е особено ефикасен во случај на обвиткани вируси како вирусот на грип и коронавирусите (кои имаат липидна обвивка со пупки на површината).

### Лекарите објаснуваат зошто витаминот Д е толку значаен во борбата против овој опасен вирус

Кај оние што поминуваат голем дел од времето во затворен простор може да се јави недостаток на овој витамин. Со оглед на тоа дека најголемиот негов извор е сонцето, во овој случај се потребни суплементи, бидејќи единствено на тој начин ќе го обезбедите во доволни количини.

Витаминот Д игра значајна улога во многу функции на организмот. Кога ќе се појави дефицит, телото станува пораниливо и помалку отпорно на болести и вируси. Со редовниот внес се зајакнува имунитетот, а со самото тоа телото станува поотпорно на вируси.

Витаминот Д или уште наречен и „сончев витамин“ е широко проучуван како витамин чија консумација со себе повлекува многу здравствени придобивки. Тој му е неопходен на организмот поради регулација на апсорпцијата на калциум и изградба на здрави коски, а има и позитивно влијание врз имунолошкиот систем.

Речиси и да не постои истражување кое не го утврдило неговиот позитивен ефект. Витаминот Д го намалува нивото на лошиот холестерол, помага во заштитата од дијабетес и заболувања на срцето, ја ублажува болката поврзана со фибромиалгија, штити од сенилна макуларна дегенерација на окото (главна причина за слепило кај постарите лица), ги ублажува симптомите на псоријаза, ја подобрува машката плодност, го намалува ризикот од кариес, рак на дебелото црево, рак на кожата, агресивен рак на дојка, рахитис, остеопороза и депресија.

Експертите препорачуваат помеѓу 400 и 800 меѓународни единици витамин Д дневно за да се задоволат потребите на организмот.

## Најновиот „необичен“ симптом на коронавирусот што го пријавуваат луѓето низ светот



• Многумина од заболените пациенти со коронавирусот укажуваат нови симптоми на болеста, а чувствуваат нешто како „зуење“ на телото. Тие тоа искуство го споделуваат на социјалните мрежи, а симптомот го опишуваат како „непознат“, а тој е сличен на нешто како зуење“.

Лекарите наведуваат дека станува збор за посебна сензација – чувство што поедини пациенти го имаат додека нивното тело се бори со опасната болест.

„Една пациентка тој нов симптом го опиша на социјалната мрежа Твитер, како нешто да ѝ струи по кожата, додека, пак, друга рекла дека нејзиниот партнер имал чувство како кожата да му гори, па морале да го мачкаат со лосион за сончање. Користеле и крем против изгореници“, велат лекарите.

Другите симптоми познати за оваа болест се температура, болки во телото, отежнато дишење, замор, сува кашлица, дијареја, а од друга страна има и пациенти кај кои нема никакви симптоми на болеста, а кои се заразени – асимптоматски пациенти.

Лекарите евидентирале и невролошки симптоми, какви што се вртоглавица и главоболка, атаксија што се опишува како недостаток на координација во движењето. Атаксија претставува присуство на некоординирани, несмасни движења, губење на рамнотежа при одење. Атаксијата може да влијае и врз говорот, движењето на очите и способноста за голтање.

# Забава

## Занимливости.

### Го „искачи“ Монт Еверест без да излезе од дома

• Џон Грифин живее во трикатна куќа на југот од Англија. Во таа куќа има 30 скали, а за да остане во форма за време на пандемијата на коронавирусот, Џон секој ден се качувал и се симнувал по нив – по шест и пол часа.

Четири дена подоцна и по точно 40.846 скали, Грифин се „искачил“ на висина од околу 8.850 метри, колку што е и највисокиот врв на светот, Монт Еверест.



- Од психолошки аспект, гледањето на истите скали повторно и повторно навистина ме исцрпи - изјавил 53-годишниот Англичанец.

На овој начин тој собрал пари за банка за храна откако бил сведок дека во супермаркетот во близина не стигнуваат доволно намирници. Со својот потфат Грифин собрал околу 3.500 фунти за добротворната организација „Трасел траст“, која поддржува околу 1.200 банки за храна во Велика Британија.

- Следниот потфат е да го препливам Ла Манш во кадата - се пошегувал планинарот.

Џон не е единствениот Британец што се одлучил на ваков чекор, пишува Си-ен-ен. И Рони Саутворт пронашол интересен начин да остане во форма – засега се „искачил“ на врвот Бен Невис, највисокиот во Велика Британија.

### Болничари лепат фотографии на кои се насмеани на заштитната опрема

• Здравствениот работник Робертино Родригез дошол на идеја додека ги лекувал пациентите заразени со коронавирусот. Родригез работи со пациентите што имаат проблеми со дишењето, а за да им измами насмевка на лицето во овие тешки времиња, одлучил да направи неочекуван потег.

Бидејќи пациентите не можат да го видат неговото лице, затоа што цело време е покриен со заштитна маска, тој ја залепил сопствената фотографија на која се смее на заштитниот костум и над неа ги напишал своето име и титула. На овој начин се обидел да ги натера пациентите да се чувствуваат помалку напнато и да им биде попријатно.

- Насмевката многу влијае врз преплашениот пациент. Затоа, одлучив да ја закачам оваа „значка“ за да можат пациентите да ја видат и мојата насмевка - напишал тој во објавата на Инстаграм.

Неговиот пример наскоро го следеле и другите здравствени работници, кои почнале да ги споделуваат своите фотографии на социјалните мрежи.

Родригез рекол дека и пациентите и колегите биле трогнати од неговиот гест.

- Ќе продолжам да ја носам оваа „значка“ со мојата фотографија сѐ додека морам да ја носам маската - заклучил тој.



## ВИЦОВИ




**1.000 ДЕНАРИ**

Малиот Трпе се враќа од училиште и ѝ вели на мајка си:

- Мамо, најдов на улица 1.000 денари.

- Сигурен си дека некој ги изгубил?

- Сигурен сум. Го видов човекот кога ги бараше.

**НОЖИЦИ**

Трча Трпе со ножици в раце низ град. На него налетува Блажо и шокирано го прашува:

- Трпе, каде си се затрчал со ножиците в раце?!

А, Трпе задишан и возбуден му одговара:

- Ми јавија од болница дека на мојата тешта животот ѝ виси на конец!

**ГРИЖА**

Мојата сопруга многу се грижи за мене. Последните две ноќи кога ќе се разбудам, таа ја држи перницата преку моето лице за да ме заштити од зараза.

**АНАНАС**

Еден ден учителката им задала задача на учениците да напишат состав што го содржи зборот: АНАНАС.

Малиот Трпе напишал:

„Мојот татко прими плата, се опијани и сѐ потроши, А НА НАС не помисли.“

## Деновиве пред години.







**1906.** Во Стар Дојран е роден Антон Панов, македонски драмски писател. Неговата литературна дејност е од извонредно значење за македонската литература. Инспириран од тешкиот живот на македонските печалбари, Панов на македонски јазик ја напишал драмата „Печалбари“, која првпат е изведена во Скопје на 3 март 1936 година. Тој напишал повеќе прозни и сценски текстови. Починал во Скопје, на 28 август 1968 година.

**1990.** Во неуспешниот обид да го спречи отцепувањето на Литванија, претседателот на Советскиот Сојуз, Михаил Горбачов, ѝ се закани на балтичката република со економско ембарго доколку за два дена не ја повлече декларацијата за независност.

**1993.** Почна судењето на дванаесеттемина поранешни советски функционери и офицери, кои беа обвинети за заговор за соборување на Горбачов во 1991 година.

**2012.** Во Скопје, во 77. година од животот, умре истакнатиот македонски писател и академик Ташко Георгиевски. Тој долги години работеше како уредник во Македонската телевизија и како уредник во издавачките куќи „Мисла“ и „Македонска книга“. Член на ДПМ беше од 1957 година. Беше член на Македонскиот ПЕН-центар и член на Македонската академија на науките и уметностите. Ташко Георгиевски зад себе остави богат и значаен прозен опус. Автор е на романите: „Луѓе и волци“, „Ѕидови“, „Црно семе“, „Змиски ветар“, „Црвениот коњ“, „Време на молчење“, „Рамна земја“, „Исчезнување“, како и на збирките раскази: „Ние зад насипот“, „Суви ветрови“, „Куќа под калето“ и други. Автор е и на автобиографските записи „Плочата на животот“ и „Творечката лабораторија на писателот“. Романите „Црно семе“ и „Црвениот коњ“ се филмувани и како такви имаа голем успех. Неговите дела се преведени на повеќе јазици во светот. Добитник е на наградите: „Кочо Рацин“, „11 Октомври“, „13 Ноември“, „Стале Попов“, „Рациново признание“, „Дијалог“ и други.

## Избор од ТВ-програмата







**22:10** МТВ 1
**Мост**
играна серија

**23:15** ТЕЛМА
**Кучиња на војната**
филм

**22:35** СИТЕЛ
**Полицајци почетници**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 06:45 | Македонија наутро |
| 09:10 | ТВ Училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 13:25 | Моето дете |
| 20:15 | Преспав - серија |
| 20:45 | Пријатели - серија |
| 21:10 | Трст виа Скопје - Тв серија |
| 22:10 | Мост - серија |
| 23:40 | Театарска претстава |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:55 | 90 минути |
| 10:50 | ЕУРО ФОКУС |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло – ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Кучиња на војната – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена – серија |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08:15 | Забавна музика |
| 10:15 | Фактор здравје |
| 11:00 | Во тек |
| 16:00 | Очи в очи |
| 17:45 | 24 анализа |
| 20:40 | Столици - квиз |
| 21:05 | Женски рај – серија |
| 22:45 | Патот до успехот |
| 23:20 | 24 анализа |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:45 | Ја сакам Македонија |
| 10:00 | Дива земја - серија |
| 12:10 | Практична жена |
| 17:00 | Брза кујна |
| 17:50 | Се или нешто - квиз |
| 19:45 | Близнаци - серија |
| 21:00 | Сестри - серија |
| 22:00 | Истанбулската невеста - серија |
| 23:35 | Полицајци почетници - серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил - емисија |
| 13:15 | Да се заљубиме – серија |
| 15:30 | Бескрајна лубов - ТВ новела |
| 16:40 | Попладне |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака – серија |
| 20:45 | Мојата керќичка – серија |
| 22:00 | 360 степени - со В. Попетревски |

### HBO



Лего филм 2 13:45

| | |
|---|---|
| 06:00 | Потрагата по Немо |
| 07:40 | Современо семејство XI |
| 08:00 | Младиот Шелдон III, еп. 15 |
| 08:25 | Денот кога Земјата застана |
| 10:10 | Икс-Мен... |
| 12:05 | Пијани родители |
| 13:45 | Лего филм 2 |
| 15:35 | Гранд Хотел Будимпешта |
| 17:15 | Комик Санс |
| 19:00 | Раскажи ми приказна II |
| 20:00 | Вестворлд III |
| 21:00 | Несигурна IV |
| 21:30 | Бегство кон љубовта |
| 22:00 | Лаги и кражба |
| 23:40 | Петок тринаесетти |
| 01:15 | Ти бркаш! |

### HBO 2



Што правиме со сенките 22:45

| | |
|---|---|
| 06:00 | Детето кое ќе стане крал |
| 08:00 | Алиса во земјата на чудата |
| 09:45 | Алиса зад огледалото |
| 11:40 | Големи мали лаги |
| 12:30 | Потпретседателка |
| 13:00 | Аладин |
| 15:10 | Дамбо |
| 17:00 | Човек-пајак: Нов свет |
| 19:00 | Пристаништето II |
| 19:50 | Одмаздници: Завршница |
| 22:45 | Што правиме со сенките |
| 23:10 | Тајните програмери |
| 00:00 | Омразата што ја шириш |
| 02:10 | Холивудленд |
| 04:15 | Кој го уби Герет Филипс |

HBO 2



### АЛАДИН

Од „Дизни“ доаѓа возбудливата акциона адаптација на анимираната класика „Аладин“, приказна за еден шармантен уличар по име Аладин, за храбрата принцеза Јасмин и за духот кој можеби е клучен за нивната иднина. Во серијата „Аладин“, во режија на Гај Ричи игра актерска екипа која ги вклучува Вил Смит во улогата на духот, Мена Масуд во улогата на итриот уличар Аладин...

### ЛАГИ И КРАЖБА

HBO



Дејствието се одвива во Лос Анџелес, град каде што перцепцијата честопати е поважна од реалноста. Иван (Тео Џејмс) е елегантен и талентиран млад крадец. Негова специјалност е крадење скапи уметнички дела. Тоа е валкан бизнис, а бизнисот цвета, но Иван сака да излезе. Елис (Емили Ратајковски) е прекрасна актерка со еден куп тајни и многу долгови. Наскоро овие двајца паметни и секси криминалци ќе се здружат во една последна смела акција. Ризикувајќи да изгубат пари, да одат во затвор, па и да ги загубат животите, ова ќе биде тест за нивната љубов и верноста во оваа забавна криминалистичка комедија.

HBO



### ПИЈАНИ РОДИТЕЛИ

Запознајте ги Френк и Ненси Тигартен. Тие се семејство од средната класа и имаат црн џип и убава куќа. Кога ја испраќаат својата ќерка на факултет, тие пукаат од гордост. Сепак, кога на врата им доаѓа извршител, започнуваат нивните финансиски проблеми! Решени да најдат пари за студиите на ќерка им, организираат продажба на покуќнината во нивниот двор, по што поминуваат вечер пиејќи многу алкохол, а потоа се каат за одлуките...

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• На професионално поле, работата ќе ја одработите толку површно, што одвај ќе дочекате да заврши работниот ден. Повеќе сакате да се занимавате со домашните обврски, со нешто што ви е интересно и што ве опушта. На емотивно поле, многумина денеска ќе сонуваат за идеална љубов и така самите ќе даваат утеха поради она што им се случува во реалноста. Методот не е лош.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Прекрасен ден за сè што е поврзано со работата. Очекувајте позитивни околности. Денеска денот ви е поволен за работа и нови одлуки. Ќе имате неверојатна инспирација, а со тоа и идеи. На емотивно поле, ве очекува возбудлива ситуација со личноста што ја сакате. Вашиот однос оди на подобро. Неочекувано внимание од саканиот.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Ќе имате шанса да ги покажете вашите таленти за решавање конфликти, па ќе се најдете како медијатор помеѓу блиските. Одржувајте се во добра физичка, но и ментална форма. Ако работите, ќе се изненадите себеси од резултатите. На љубовно поле ќе имате шанси за промена на некои работи. Фокусирајте се на долгорочен план.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• На емотивно поле, календарот на вашите љубовни настани е сè побогат, па тешко наоѓате слободни термини за сите оние што сакаат да ви се приближат. На професионално поле, некои ќе планираат големи проекти и ќе градат кули во воздух. Другите ќе работат толку колку да ги завршат задачите. Сте изгубиле волја за многу работи.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Денешниот ден е како создаден за истражување на вашите лични чувства, на оние што постојано ги потиснувате за да не си признаете дека ги имате. Разговарајте со личност на која ѝ верувате и слушнете ги нејзините совети. Понекогаш, сликата појасно се гледа од поголема далечина. Скротете ги амбициите. Не мора секогаш да сте „крал“ на светот.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Во ова турбулентно време не заборавајте не себе. Потребно е да се грижите за вашето тело и ум – одвојте време и одморете од електронски уреди и обврски. Ако работите, ќе имате поголема слобода без притисоци. На љубовно поле имате потреба од напредок, па време е да направите чекор повеќе. Започнете со промени од себе.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• На емотивно поле, оние што се трудат да развијат едно познанство од работното место, денеска ќе имаат добар ветар во грбот. Напредок. Оние што се во врска, ќе уживаат во љубовта на саканиот. На професионално поле, ќе ја комбинирате познатата традиционална стратегија со оригинални идеи, кои наеднаш ви се појавуваат. Совет: Не нервирајте се поради ситници.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Чувствувате како да го носите светот на вашиот грб поради преголемиот број обврски што ги имате? Се разбира дека е тешко, но морате да најдете начин за релаксација и занимација. Не дозволувајте анксиозноста да ве обземе. Најдобрто нешто кое што можете да го направите за себе вечерва е да вежбате или да медитирате. Тоа ќе ве ослободува од стресот.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Имате повеќе самодоверба и полека ќе почнете да се ослободувате од срамот од говорење во јавност, дури и ако тоа значи виртуелно. Најдете ја вашата активност за ментален одмор и наполнете ги батериите. На љубовно поле ќе ги добиете одговорите на прашањата што долго ве мачат. Покажете ентузијазам. Понекогаш летате во облаците, освестете се и согледајте ја реалната ситуација.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• На љубовно поле, оние што се во врска денеска ќе се потрудат да го подобрат сексуалниот живот со својот партнер. Одамна немало толку страст меѓу вас. На професионално поле, најмногу ќе ве интересираат нејасни, тајни теми или алтернативни методи. Сите други работи ќе ви бидат здодевни. На што и да се нафатите, не е на одмет да бидете повеќе претпазливи.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Ќе имате мала штета денес на деловно поле. Без оглед на неповолните околности, треба да останете прибрани. Доколку планирате љубовни промени во наредниот период, ќе бидете задоволни. Можно е да разговарате со вашата сакана личност за брак, заедница и промена. Вашиот партнер е посветен на вас и вие сте задоволни од вашата врска.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Дали сè уште мора да го влечете минатото зад себе кога гледате дека тоа не ви дозволува да почнете од почеток? Се разбира дека не, а денес планетите ќе ви помогнат да се збогувате со сите луѓе што некогаш ве повредиле, со сите емоции кои ве спречуваат да живеете и со сите предмети што ви предизвикуваат негативност. Треснете ја зад себе вратата кон минатото и фрлете го клучот подалеку од себе.

комерцијална банка ад скопје

## Комерцијална банка ќе започне со исплата на дивиденда на 29.04.2020 година

Комерцијална банка АД Скопје ги известува своите акционери дека почнувајќи од 29.04.2020 година ќе врши исплата на дивиденда за 2019 година. Право на исплата на дивиденда за 2019 година имаат сите акционери на Комерцијална банка кои се евидентирани во книгата на акции на 23.04.2020 година.

Исплатата на дивиденда на правните лица ќе се врши со пренос на средствата на нивните сметки во Комерцијална или во друга банка.

Согласно Законот за данокот на личен доход, Комерцијална банка, како исплатувач на доход по основ на дивиденда, пресметката и плаќањето на данокот на доход и исплатата на дивидендата на физички лица ќе ги врши со поднесување електронска пресметка за бруто-доходот и за данокот по одбивка (е-ППД) до Управата за јавни приходи преку системот е-Персонален данок.

Е-ППД системот не прифаќа неточни и непотполни податоци. Затоа се повикуваат сите акционери-физички лица кои не се запишани во евиденцијата на УЈП како даночни обврзници да превземат соодветни мерки за нивно запишување согласно процедурите на УЈП. Ова особено се однесува на малолетните лица и/или други лица кои досега не биле приматели на оданочив доход од кој било вид во Република Северна Македонија.

Средствата од дивидендата за 2019 година преку е-ППД системот ќе бидат уплатени на сметките на физичките лица во Комерцијална банка АД Скопје. Исклучок ќе бидат лицата кои имаат дадено овластување/инструкција за пренос на дивидендата на сметка во друга банка. Комерцијална банка во таков случај средствата од дивидендата преку е-ППД системот ќе ги уплати на назначената сметка. Доколку некој акционер, резидент физичко лице , нема дадено такво овластување, а сака дивидендата да му биде исплатена на сметка во друга банка, да го стори тоа преку доставување инструкции во електронска форма, кои може да се најдат на веб-страната на банката www.kb.com.mk во делот „ЗА НАС \ Односи со инвеститори"

Согласно член 85, став 11, од Законот за данокот на личен доход, пресметката на данокот на доход од дивиденда остварена со учество во добивката во 2019 година, а исплатена во 2020 година, ќе биде доставена до секој акционер евидентиран во книгата на акции по извршената исплата на дивидендата.

Дополнителни информации може да се добијат на телефонските броеви: (02) 3168 311, 3168 310 и 3168 308.

**Комерцијална банка АД Скопје**


Во продажба се нашите
ВЕЛИГДЕНСКИ ИЗДАНИЈА!

- Извадок од библијата (новиот завет) од периодот од Подготовка на Тајната Вечера до ИСУС ХРИСТОС ИМ СЕ ЈАВУВА НА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ.
- Боенки за деца

Дел од средствата ќе бидат донирани во ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ.




ART PRINT STUDIO
Арт Принт Студио: тел. 02/3063194
www.artprint.mk; artprintstudio@gmail.com

Изданијата може да ги најдете во сите продажни места на Слободен печат



literatura.mk




СО ПРОМОТИВНА ЦЕНА ВО СИТЕ ПРОДАЖНИ МЕСТА НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

## ЈАВЕН ПОВИК
## За одржување на 23-та седница на Собранието на акционерите на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје

Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговски друштва, член 30 од Статутот на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје и Одлуката на Одборот на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје бр. 02-110/20 од 3.4.2020 година, се свикува дваесеттретата седница на Собранието на акционерите на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје што ќе се одржи на ден 18.5.2020 година со почеток во 10:00 часот.

Заради почитување на мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширењето на КОВИД-19, како и препораките на Комисијата за хартии од вредност од 16.3.2020 година, Одборот на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје одлучи да ги повика своите акционери да го остварат правото на глас по кореспондентски пат, без физичко присуство.

За работа на седницата се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседавач на Собранието
2. Избор на записничар и двајца заверувачи на записникот
3. Верификација на учесници на Собранието
4. Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка за 2019 година
5. Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи за 2019 година
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи за 2019 година
6. Годишен извештај за работењето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје во 2019 година
   - Предлог-одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје во 2019 година
7. Извештај за работа на Одбор на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје во 2019 година
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот за работа на на Одборот на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје во 2019 година
8. Предлог-одлука за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје во 2019 година
9. Годишен извештај за работењето на Оддел за внатрешна ревизија за 2019 година
   - Предлог-одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на Оддел за внатрешна ревизија за 2019 година
10. Предлог-одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за финансиската 2019 година
11. Финансиски план за 2020 година
    - Предлог-одлука за усвојување на Финансискиот план за 2020 година
12. Програма за работа за 2020 година
    - Предлог-одлука за усвојување на Програмата за работа за 2020 година
13. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор на финансиските извештаи за 2020 година

Право на учество во работата на Собранието и право на еден глас за секоја акција има секој акционер лично или преку, од него именувано лице, овластено да го застапува на Собранието и да гласа во негово име со писмено полномошно заверено кај нотар, согласно член 392 и 392-а од Законот за трговски друштва.

Собранието одлучува само за прашања кои се утврдени со дневниот ред. Вклучување на нови точки во дневниот може да се врши само по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва.

Се повикуваат сите акционери да гласаат по точките на дневен ред со пополнување на Образец за гласање со кореспонденција, кој е достапен во седиштето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје. Уредно пополнетиот Образец за гласање со кореспонденција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот - правно лице. Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер - физичко лице е потребно да достави и копија од важечки документ за идентификација (лична карта / пасош). Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер - правно лице е потребно да достави копија од тековна состојба за правното лице акционер, не постара од шест месеци и копија од важечки документ за идентификација (лична карта / пасош) на законскиот застапник на правното лице. Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, треба да се доставаат лично или по пошта во седиштето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, на ул. Истарска бр. 33 лок4 4, 1000 Скопје, најдоцна до 17.5.2020 година до 14:00 часот.

Материјалите за седницата на Собранието, како и Образецот за гласање со кореспонденција им се достапни на акционерите секој работен ден, од 10:00 до 14:00 часот, во седиштето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје

Скопје, 9.4.2020 Скопје

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Кирил Митровски**


**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА – ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ МОЖЕТЕ**

Со оглед на ситуацијата со Ковид-19, **Слободен печат** им излегува во пресрет на своите читатели кои не во можност да платат веднаш поради рестрикцијата на движење.

**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА, А ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ БИДЕТЕ ВО МОЖНОСТ.**

Сите жални вести, помени и последни поздрави можете да ги испратите на маилот: **office@pecat.mk** или на телефонот **072 229 255 (на Вибер)**, секој ден од 9 до 13ч.

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ СЕКОГАШ НА СТРАНАТА НА НАРОДОТ**

| | |
|---|---|
| Скопје | 89,7 |
| Битола | 106,0 |
| Штип | 103,0 |
| Струмица | 106,0 |
| Охрид | 105,4 |
| Тетово | 101,9 |
| Гевгелија | 101,5 |

КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77

Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи, продај, барај, најди...
По цена од само
**240 денари**
неделно
Информации на телефон
389 **02 55 11 763**


## НЕКРОЛОЗИ | Тел: (02) 55 11 763



**ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ**

За нашиот најсакан сопруг, татко и дедо.

**СТОЈАН РАВЊАСКИ**
**ШИНДО**

Деновите што следат ќе бидат бескрајно тажни без тебе но секогаш ќе те носиме во нашите срца.
Почивај во мир Шикица.

Погребот ќе се одржи на 13.4.2020 година од 10.00 на Градските гробишта Бутел

Те сакаат твоите
Вети, Саше, Бојан, Елена и Александар



**ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ**

На

**ШИНДО**

Почивај во мир.

Од другарите од Зебра

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
**Понеделник 13 април 2020** |
Број 1933 | Година VII |



**Во емисија на Опра Винфри.**

## Меган Маркл ќе ги открие пикантериите на кралското семејство за милион фунти

• Меган Маркл планира да ги открие пикантериите на кралското семејство во новата сезона во емисијата на водителката Опра Винфри, но војвотката бара сума од неверојатни 1 милион фунти за да ги сподели информациите со јавноста.

Извори за магазинот „Мирор“ откриле дека на Маркл ѝ е понудена огромна сума за пред камерата да раскаже што се случило во кралското семејство пред и по нивното заминување.

Според зборовите на аналитичарот на интервјуто, разговорот со Маркл би бил пандан на разговорот со принцезата Дајана во 1995 година, во кое зборувала за неуспешниот брак со принцот Чарлс.

Изворите тврдат дека водителката Опра Винфри е првиот избор за големото интервју, но дека на војвотката ѝ се понудени интервјуа и со други познати водители, но сѐ уште траат преговорите за парите. Интервјуто ќе се случи откако ќе заврши карантинот поради коронавирусот затоа што Меган планира да ја врати довербата во луѓето по нападот на британските медиуми. Ова е најисчекуваното интервју во новата телевизиска историја.

**Нов датум** Стадион на АРМ




## Славеничкиот концерт на „Електрични оргазам“ на 24 јуни

• „Авалон продукција“ најавува дека мартовските концерти што беа одложени поради актуелната состојба со коронавирусот, ќе бидат презакажани со нови датуми, а концертот на култните „Електрични оргазам“ ќе има и нова локација.

Славеничкиот концерт на „Електрични оргазам“ што беше најавен за 26 март во Младинскиот културен центар во Скопје, има нов датум и нова локација: на 24 јуни на стадионот на АРМ, еден ден пред фестивалот „Скопје гори“ на кој ќе настапат легендарните „Пласибо“, а „Електрични оргазам“ ќе настапат на голема бина и уште поголема продукција, со роденденски репертоар што ги опфаќа сите песни што ја одбележаа кариерата на овој супериорен бенд.

Сите оние што имаат набавено влезници, ќе им бидат важечки и за концертот на 24 јуни.

**Хилари Хит** 74 години





## Ѕвездата на филмот „Оркански висови“ почина од коронавирус

• Актерката Хилари Хит почина на 74-годишна возраст од коронавирус, пишуваат светските медиуми.

Веста за нејзината смрт ја споделил Алекс Вилијамс, кому Хилари му била кума.

„Ја изгубивме нашата прекрасна кума Хилари. Работеше на филмови со Хју Грант, Алан Рикман и Гери Олдман. Нејзиниот најголем успех беше дипломата по психологија што ја доби на Оксфорд. Како психолог работеше со пациенти низ целиот свет, често бесплатно и со цел нивните стресни животи да ги доведе во ред. Тажен сум што веќе ја нема“, напишал Вилијамс.

Хилари починала една недела откако тестот на коронавирус покажал дека е позитивна.

Најзапаметена е нејзината улога во филмот „Оркански висови“, каде што глумеше со Тимоти Далтон.

Хилари беше во брак со Данкен Хилтон, со кого ги доби ќерката Лаура и синот Даниел.

**Потресна исповед на медицинска сестра.**

# Кога некој ќе умре од ковид-19, најпотресниот звук е ѕвонењето на неговиот мобилен



**Откако изби пандемијата на коронавирусот, на социјалните мрежи секојдневно се споделуваат потресни сведоштва од медицинските работници.**

Медицинската сестра Александра Мацијас од САД, во објава на Фејсбук ги опишала тешкотиите со кои се справува извршувајќи ја својата работа, а открила и што е она што најмногу ја погодува. Објаснила дека најмногу ја трогнува звукот од ѕвонењето на мобилните телефони на починатите пациенти, чии блиски сѐ уште не дознале за нивната смрт и сакаат да ги слушнат уште еднаш. Нејзината објава масовно се споделува на интернет.

- Никогаш не сум видела вакво нешто, никогаш не морав да се плашам за некој што е толку здрав, а истовремено смртно болен. Инаку, не работам на интензивна нега, но сега морам да работам, бидејќи немаме доволно персонал ниту опрема, ниту луѓе со искуство (а кој би можел да има искуство за оваа болест?). Веќе два дена му велам на мојот сопруг дека сакам да си одам дома, но тој секојпат ме предомислува, бидејќи знае колку ќе се каам ако престанам да помагам. Затоа останувам - напишала таа.

Во продолжение таа открила дека ова ѝ е 11-ти ден како се грижи за пациентите на интензивна нега и опишала колку ѝ е тешко кога ги гледа смртно болните пациенти.

- Се грижам за нив сѐ до нивната смрт. Се борам да сфатам која е целта што сум тука. Секојдневно ни доаѓаат луѓе со тешки респираторни проблеми и многу исплашени. Им објаснувам што му прави вирусот на телото и кои се ризиците од интубација. Ги слушам нивните последни повици од членовите на семејството. Ако за нешто служи мојот престој тука, тогаш е тоа фактот дека сум им помогнала да ги поминат последните моменти со своите најблиски. Кога ќе починат, нивните работи сѐ уште се тука. Мобилните телефони им ѕвонат. Најлошо е кога ќе слушнам дека на некој од починатите му ѕвони телефонот и знам дека некој го бара молејќи се барем уште еднаш да му се јави - пишува Александра.

Таа додала дека тука не станува збор само за стари луѓе.

- Млади се, мнозумина без никакви медицински проблеми. Физички силни луѓе, кои работеле по неколку работи додека коронавирусот не почнал да им го уништува телото. Овој вирус убива. Во еден миг тоа се претвора само во труд што подолго да ги одржуваме напола живи. Некогаш се чини дека нашите напори се залудни, но се трудиме, бидејќи знаеме дека би сакале и за нас некој да го направи тоа. Како медицинска сестра сум видела стотици луѓе како умираат, но обично се опкружени со семејството и можат да се збогуваат. Со ковидот не е така, овој пат нема збогување. Не можам да ви опишам колку тоа боли, колку е реално и колку се плашам дека тоа ќе ми се случи и мене. Не можам да ве натерам на ништо, но ве молам да ги слушате лекарите и да го сфатите ова сериозно. Срцето ме боли поради семејствата што прерано загубија близок, поради оние што се болни и во страв и поради сите нас кои ќе го преживееме ова, но сигурно ќе добиеме некој вид посттрауматски синдром кога сето ова ќе заврши - заклучила Александра.



**Инстаграм** Нов тренд



## Наместо фустани, носат перници

• Во време кога сите треба да седат дома поради опасноста од ширењето на коронавирусот, на социјалните мрежи се шират голем број предизвици што ги прифаќаат само



похрабрите.

Последен таков предизвик, кој стана тренд и поради кој секојдневно на Инстаграм се објавуваат стотици фотографии сликани насекаде во светот, е сликањето со перници, односно наместо фустан, предизвиканите „облекуваат“ перници што ги прицврстуваат со ремен.

Бизарниот предизвик почна пред некое за време, а го прифатија голем број регионални, светски, па и наши корисници на Инстаграм.